# БИБЛИОТЕКАРСТВО

ВОЛУМЕН 25 (2007) • БР. 2 • СКОПЈЕ 2008 ISSN 1409-9357



БИБЛИОТЕКАРСКО ДРУШТВО НА МАКЕДОНИЈА

*Почитувани колеги и читатели,*

Пред вас е најновиот број на списанието *Библиотекарство,* оформено содржински и тематски од редакцискиот одбор, кое иако со задоцнување, излезе од печат.

Веруваме дека најновиот број на ова стручно гласило во Република Македонија ќе ги исполни вашите очекувања, желби и потреби за нови информации поврзани со вашиот професионален ангажман.

Редакцискиот одбор ве поканува и во иднина да придонесувате за збогатување на содржините на *Библиотекарство*.

Предвидено е следното издание да излезе како двоброј, така што очекуваме зголемен интерес и што поголем број ваши текстови.

Во таа смисла, повикот да ни ги испраќате вашите текстови за следниот број важи уште од сега.

*Од Редакцијата*

# СОДРЖИНА

Библиотека за млади – Предизвик или реалност ........ 5
Дигитални библиотеки - Разграничување на поимите ........ 9
Библиотеките и јавните медиуми - Потреба од атрактивна понуда на информации ........ 12
Во расчекор меѓу желбите и можностите ........ 15
Воспоставување на квалитетот во специјалните и високошколските библиотеки во Хрватска - Библиотеки во болоњското опкружување ........ 17
Стручни и научни списанија од областа на медицината во Македонија (издадени до 2007 год.) ........ 23
Кои се начините за дополнително и посовремено финансирање на локалните библиотеки? ........ 28
Статистички податоци за електронските библиотеки, корисниците и за публикациите во Република Македонија ........ 35
Уништено книжевно богатство ........ 39
Издавачката дејност во НУУБ "Св. Климент Охридски" - Битола за 2008 година ... 42
Соработка на универзитетската библиотека во Битола со Долношлонската јавна библиотека од Вроцлав ........ 47
Модернизацијата на библиотеката "Браќа Миладиновци" Радовиш во функција на потребите на граѓаните и нејзините ефекти ........ 50
Изложба на книги "Битола некогаш и денес" ........ 53
Одржан деветтиот општински натпревар на "Млади библиотекари" ........ 53
Национална установа библиотека Гоце Делчев - Саем на книгата 2008 ........ 57
Дали градот Охрид не заслужува достојна библиотека ........ 58

**УДК 021.3**

# БИБЛИОТЕКА ЗА МЛАДИ – ПРЕДИЗВИК ИЛИ РЕАЛНОСТ

Светлана Талеска - библиотекар
НУУБ "Св. Климент Охридски" – Битола

Библиотеките се еден од главните чинители во културното живеење на човекот, како и многу важна компонента во образовниот процес и систем на една земја. Библиотеките се главни носители во создавањето на културните потреби и навики на популацијата, но претставуваат и активен партнер на образовните институции во едуцирањето на младата популација.

Во денешното динамично време на се поголеми промени и иновации во секој сегмент од општественото живеење, забележителна е појавата на најразлични фактори што ја загрозуваат книгата во нејзината класична форма, а се особено распространети и популарни кај младата популација (тинејџери, средношколци). Ова е време во кое "ништо не може да нé изненади", а всушност секојдневно се изненадуваме со огромен број откритија и иновации што отвораат нови предизвици, но и задачи што треба да се извршат и да се совладаат. Сите тие техничко-технолошки откритија значат и оддалечување на тој важен дел од читателската популација од библиотеките, појава која, за жал, се повеќе е присутна во нашите библиотеки. Токму поради тоа, библиотечните работници треба да изнајдат начини, методи, решенија и форми за работа што ќе држат чекор со времето и иновациите, а ќе придонесат за привлекување на младите кон библиотеките и нивно претворање во активни читатели и редовни посетители. Библиотеката мора да најде начини за афирмација, начини да се промовира како културна, образовна, воспитна и едукативна институција. За таа цел потребно е максимално ангажирање од вработените, од менаџерскиот и од маркетинг-тимот во библиотеките. Овие ангажирања треба да се движат во насока на подобрување на интересот на младите за позајмување на потребната литература од библиотеката и нивна библиотечна едукација.

Ангажирањето и третирањето на ова проблематика има специфична базична оправданост, како и одредена општествена оправданост. Тоа би значело подигање на свеста кај младите за нивно перманентно присуство во библиотеката и нивно самостојно подигање на потребниот библиотечен материјал. Со самото тоа се подигнува и се поттикнува и нивниот правилен однос кон книгата, кон читањето и воопшто кон библиотеката како културна и воспитно-образовна институција. Поточно. кај младата популација се создава една култура кон читањето, се создава еден поинаков поглед на реалноста, современ и искултивиран поглед и поимање на културните вредности на правилен начин и тежнеење за препознавање, почитување и нивно ширење, што е од голема важност за севкупниот интелектуален развој на поединците, но секако и на поширокиот општествен развој.

Многу важна компонента во приближувањето на библиотеката кон младите корисниците е нејзиното осовременување.Библиотечните работници мора да изнајдат методи да ја надминат класичната форма на работа и максимално да посветат внимание на приодот кон читателите, но истовремено и да останат доследни на професијата и професионалноста.

Осовременувањето треба да се однесува како на начинот на работа, така и на просторните решенија што треба да се надградуваат и да се приспособуваат кон духот на времето и кон потребите на младите.

Секако дека читањето има свое значајно место меѓу активностите на младите. Тие читаат можеби и повеќе од преостанатото возрасно население, но материјалот што го читаат многу често се разликува од оној што вообичаено го нудат библиотеките за нивната возраст. Во библиотеките за оваа старосна популација најчесто се нуди материјал потребен за наставните часови. А младите повеќе сакаат да читаат: белетристика, забавна литература, списанија за компјутери, музика, филм, спорт, мода, автомобили. Тоа се подрачја каде што библиотеките може да ја прошират својата понуда и услуга, подрачја што недостигаат во библиотечната понуда. Библиотеката треба да им овозможи на корисниците услуги што се во согласност со нивните интереси и потреби, услуги што ќе ги привлечат и ќе ги претворат во активни читатели и понатамошни консументи и на поинаков вид литература од оној што во моментот им е во сферата на интерес.

Современите библиотеки, насочени кон што поголемо свое популаризирање меѓу младите, треба да размислуваат и за:

- Остварување нов просторен концепт што во целост би одговарал на потребите на младите читатели и би се совпаѓал со нивните идеи и размислувања за тоа како треба да изгледа една современа библиотека

- Солидна понуда на библиотечен материјал насочен кон слободното време на младите корисници со акцент врз аудио-визуелните и електронските понуди, популарните списанија и друг печатен материјал што обработува популарни теми за младата популација

Библиотеката исто така треба да се грижи и за вклучување на младите корисници во осмислувањето и спроведувањето на понудата и услугата, како и во изработувањето концепт – осмислување начини и можности за соработка со младите читатели.

Светските искуства покажуваат дека иако библиотеките се места на кои треба да се промовираат и да се акцентираат сопствената култура и јазик, сепак младите читатели сакаат (без разлика на кое јазично подрачје е библиотеката) да среќаваат трендовски и прифатливи термини за нив, како на пример – exit, corner, fresh и сл. Исто така, покрај стандардните библиотечни едукативни и воспитни обележја, за младите читатели трендовски се чини ѕид со графити или постери од популарни филмови, уметнички плакати, плакати од театарски претстави, музички случувања итн. [1]

Библиотеките повеќе не претставуваат само место за изнајмување и враќање на книгите, туку место на заеднички престој и комуникација, место за средби и дружење. Се почесто во просториите на западните библиотеки се среќаваат апарати со пијалаци и храна. Исто така во големиот број библиотеки постојат и специјализирани кафулиња за читање во просториите на библиотеките. Искуствата на таквите библиотеки покажуваат дека и покрај негативните можни очекувања на извалкани книги и неуредни простории – таква појава нема.

---

[1] *Rita Schmits, Knjižnice za mlade u Njemačkoj, nove ideje za zahtevnu publiku, Zagreb, 2004, Goethe Institut, str. 20*

Во библиотеките секако треба да се среќаваат и списоци со небиблиотечни податоци и информации (истакнати на видни места) за СОС - служби и СОС - телефони, советувалишта за млади каде што можат да добијат информации за проблемите со дрогата, алкохолот, сексуални советувалишта и слично. Младите во библиотеките треба да може да добијат информации за соодветните проблеми што ги мачат и кои се се поприсутни во нивното секојдневие и да може да добијат совети од стручни и компетентни лица или да бидат упатени на вистинските места. За привлекување на што поголем број млади читатели, потребно е да се почне со размислување за излегување од стереотипите и видоизменување на класичниот пристап, начин на работа и уредување на библиотеките. Библиотеките за млади треба да внесат свежина во начинот на размислување на менаџирањето и во маркетиншкото претставување на библиотеката. На тој начин треба да се гледаат основните postановки на современата работа со младите читатели во библиотеката.

Меѓународниот сојуз на библиотечни здруженија ИФЛА веќе ги пријави овие нови и современи идеи во библиотечното работење што се однесуваат на работата на библиотеката за младите и со младите и ги вгради во изданието **“Guidelines for librarys service for young adults”**[2)]

Тргнувајќи од фактот дека станува збор за многу чувствителен дел од читателската популација, библитечните специјалисти сметаат дека библиотечните работници мора многу точно да ги разберат димензиите на својата работа, ширината и разновидноста на библитечните услуги и да сфатат дека библиотечните услуги треба да исполнат многубројни потреби и побарувања на читателите. Неопходен е близок контакт со читателот, воспоставување квалитетна комуникација, запознавање со желбите и потребите на читателите, а тоа подразбира способност, умеење и креативност во планирањето и остварувањето на библиотечните услуги.

Денешните библиотеки се повеќе се информативни центри, кои покрај со многуте монографски и периодични публикации, располагаат и со друг некнижен фонд – плочи, ЦД, ДВД, а нудат и услуги поврзани со интернетските пребарувања и поврзувања со другите бази на податоци вклучени во системот. Така се зголемува и читателската култура што е резултат на современиот начин на живот. И покрај тоа, библиотечните експерти тврдат дека повеќе внимание се посветува на механичкото позајмување на библиотечниот материјал, отколку на водењето грижа за читателот и неговите потреби, како и на процесот на читањето.

Токму затоа, современите библиотеки во прв план треба да ги имаат читателот, неговите потреби, желби и побарувања. Неопходна е промена на аголот на гледање кон читателите, нивно третирање како активни чинители во библиотечниот процес, како консументи кон кои треба да е насочено целосно и максимално внимание во задоволувањето на нивните културни потреби. Библиотеката мора да обезбеди услови за остварување квалитетен библиотечен процес водејќи сметка и за набавната политика што на библиотеката ќе и ја овозможи неопходната енциклопедичност, но и стручност.

---

[23] *Rita Schmits, Knjižnice za mlade u Njemačkoj, nove ideje za zahtevnu publiku, Zagreb, 2004, Goethe Institut, str. 30*

Само така денешните библиотеки ќе одговорат на барањата и предизвиците на современиот начин на живеење и на побарувањата на младите корисници. Само така, со тој начин на размислување и третирање на иновативниот напредок , библитеките ќе го пронајдат најсоодветниот облик за приближување на книгата до корисниците, т.е. ќе прераснат од пасивен во активен фактор, во мобилен и влијателен чинител во својата средина што ќе ја промовира библиотеката како широко отворена и модерно организирана информативна и едукативна институција.

**Резиме**

Денешните библиотеки како никогаш досега минуваат низ крупни и непрекинати промени во своето работење, како последица од брзиот напредок на информатичката технологија, информациската наука, општеството и демографските промени. Тие иновативни промени треба да се искористат и да се приспособат, а начините на работа да се развиваат и да се интензивираат, со што би се зголемил интересот на популацијата за библиотеката и за користењето на нејзините фондови и услуги. Тие динамични промени, исто така, треба да претставуваат предизвик за менаџерскиот тим и за вработените во библиотеките, да го обезбедат воведувањето на новите форми на најделотворен можен начин, свесни притоа за можните тешкотии, но и за начините и методите за нивно решавање.

Current libraries as never before are going throuth outstanding and continious changes in their work, as a result of the rapid improvement of the informatic tehnology, information science, society and demographic changes. These innovations should be used and adjusted, and the models of work should be developed and intensified as well in order to enlarge the interest of the population to visit the libraries and use their funds and services. These dynamic changes also have to represent a chalenge for the team of managers and employees in libraries, in order to introduce the new forms in the most efficient possible way, being aware at the same time of the eventual difficulties, as well as of the ways and methods to provide a sollution.

**УДК 02:004(497.7)**

# ДИГИТАЛНИ БИБЛИОТЕКИ - РАЗГРАНИЧУВАЊЕ НА ПОИМИТЕ

Сузана Котовчевска

Поимот "дигитална библиотека" беше промовиран, односно ставен во употреба во деведесеттите години на минатиот век. Но и покрај фактот што дигиталните библиотеки се уште се наоѓаат во фокусот на библиотечните и на информациските интересирања, поимот дигитална библиотека не е прецизно утврден и дефиниран. За (не)можноста за адекватно и прецизно појмовно-теоретско дефинирање на дигиталните библиотеки постојат мноштво значајни елементи што мора да се разгледуваат од различни перспективи.

Без да презентираме поопширна анализа за сите досегашни научни расправи на оваа релација, ќе презентираме еден пристап што тргнува од констатацијата дека поимот дигитална библиотека можеби може полесно да се опише, моделира, дизајнира, имплементира, користи и да се евалуира ако се согледа во светлото на следните пет апстрактни концепти што ги предложиле Фокс и Сорнила од Политехничкиот институт Вирџинија и од Државниот универзитет.[1)]

· **текови**, поимот што се користи за да се опише текстот, мулти-медијалните содржини и другите секвенции на апстрактни поими: на пример, опис на протоколите, интерактивни дијалози, дневници на серверите (server logs) и дискусиони листи.

· **структура**, која се однесува на структурата на податоци во информатичка смисла, база на податоци, хипертекстуални мрежи и други концепти од областа на пребарувањето информации, како што се инвертираните датотеки, датотеките на сигнатурите, MARC - слоговите и тезаурусите.

· **простори**, ги покриваат не само дводимензионалните и тридимензионалните простори, виртуелната реалност, туку и другите повеќедимензионални форми што како една компонента го вклучуваат и времето.

· **сценарија**, кои опфаќаат димензионирање и спецификација на интеракцијата помеѓу човекот и компјутерот, но исто така ги опишуваат процесите, процедурите, функциите, сервисите и трансформациите вклучени во дигиталните библиотеки - со еден збор аспектите на нивниот активен живот и временското траење.

· **општества**, кои ги покриваат оние аспекти на дигиталните библиотеки што се од значење за авторите, библиотекарите, каталогизаторите и другите чувари на информации. Овие аспекти се посебно значајни во последно време од кога и антрополозите, комуниколозите, психолозите и социолозите се вклучуваат во истражувањата поврзани со дигиталните библиотеки

Од овој аспект, проценувањето на валидноста на секоја дефиниција за дигиталните библиотеки треба да се прави според согледување на претходните пет аспекти значајни за дигиталните библиотеки.

---

[1)] Fox, E.A., Sornil, O. (1999). Digotal Libraries, Modern Information Retrieval, Baeza-Yates, R. and Ribeiro – Hero, B. (eds.), Addison – Wesley, pp. 415-432.

За сите корисници што се вклучени во процесите на пронаоѓање информации, дигиталните библиотеки претставуваат проширување на таквите системи што е збогатено со мултимедијална разновидност и здружени системи (federated systems). Во секој случај, дигиталните библиотеки мораат да подржуваат големи колекции документи, како и можностите за нивното пребарување, каталогизирање и индексирање.

Истражувањата во областа на дигиталните библиотеки опфаќаат повеќејазична обработка, пребарување на мултимедијалните содржини, визуелизација на информациите, раководење со големи дистрибуирани колекции на документи, стандарди и архитектури. Дигиталните библиотеки ја конструираат, односно ја прибираат и ја организираат заедницата на корисници, додека нејзините функционални можности ги подржуваат потребите на оваа заедница.

Дигиталните библиотеки претставуваат проширување, надградба и интеграција на разновидните информатички институции, како и физичките простори во кои се врши селекција, прибирање, организирање, чување на ресурсите или им се обезбедува пристап како поддршка на заедницата на корисниците.

Врз основа на сите овие премиси, изведени се поголем број дефиниции за дигиталните библиотеки. За потребите на нашето истражување ќе издвоиме неколку дефиниции со цел уште попрецизно да ја комплетираме сликата за библиотеките на новиот век што на некој начин како да претставуваат остварување на различни визии претставени во делата за научна фантастика или во трудовите на сериозната научна литература.

Според определени ставови, дигиталната библиотека (Digital Library), чиј основен синоним е електронската библиотека (Electronic Library) претставува "дистрибуирана технолошка околина што драматично ги редуцирала границите на создавањето, дисеминацијата, манипулацијата, депонирањето, интеграцијата и повторното користење на информациите од поединечни и групни корисници".[2)]

Во овој контекст, авторот ја изведува попрецизно дефиницијата според која дигиталната библиотека претставува "машински посредувана репрезентација на библиотечен материјал во која истовремено е интегрирана информациската организација наменета за корисникот во пронаоѓањето на специфични информации".[3)]

Според наше мислење, иако најкратка, мошне прифатлива и прецизна е дефиницијата објавена како поднаслов во специјалниот број на престижното компјутерско списание "ACM Communications" од 1998 година, посветен на дигиталните библиотеки "Дигиталните библиотеки - глобален опсег, неограничен пристап", во која мошне илустративно се потенцирани нејзините неограничени можности на планетарно ниво.

Место заклучок ќе потенцираме дека библиотеките денес во целост ја менуваат својата форма: од тврдини на знаењето постепено прераснуваат во океани на информациите. Новите динамични промени и трендови во библиотекарството ќе мора да ги следи и паралелниот развој на новите теории на библиотечно-информациската наука како нераздвоен дел и поддршка на современата практика во оваа значајна сфера.

---

[2] Bakaršić, K. (1997). Uvod u digitalne biblioteke. Sarajevo: Bibliotekarstvo, sv. 42, str. 11.

[3] Ibid: str. 13

**Р е з и м е**

Трудот "Дигитални библиотеки разграничување на поимите" претставува сериозен обид за презентирање на најзначајните научни пристапи и обиди за појмовно дефинирање на дигиталните библиотеки.

Поимот *дигитална библиотека* беше промовиран во деведесеттите години на минатиот век како резултат на новите динамични промени и трендови во современото библиотекарство. Денес современите библиотеки постепено се трансформираат од тврдини на знаењето во океани на информации достапни секогаш, секаде и за сите.



**A b s t r a c t**

The article “Digital Libraries – distinguishing of the terms” is a very serious effort for presenting the most significant scientific approaches and attempts for defining the terms associated to the digital libraries.

The first use of the term *digital library* was popularized in the ninetieths as a result of the new dynamic changes and trends in the contemporary science of library. Nowadays the traditional libraries slowly but surely are passing from fortress of knowledge into oceans of information accessible at any time, at any place and for any person.

УДК 021:316.774(497.7)

# БИБЛИОТЕКИТЕ И ЈАВНИТЕ МЕДИУМИ ПОТРЕБА ОД АТРАКТИВНА ПОНУДА НА ИНФОРМАЦИИ

Елизабета Трпческа-Петрушевска

***- Не е точна констатацијата дека библиотеките нема што да и понудат на јавноста.***

***- Зошто библиотеките се наоѓаат на маргините на севкупните настани во општеството?***

***- Дали се работи за неуважување на професијата библиотекар или за потценување на крајните корисници на библиотечните добра?***

Библиотеките имаат мошне значајна улога во развојот и во изградувањето на демократското општество. Тие му овозможуваат на секој поединец пристап до широкиот и разноличен спектар на знаења, идеи и мислења. Библиотеките претставуваат информациски точки што го гарантираат зачувувањето на националниот културен идентитет, со тоа што гарантираат пристап до градивото со национална содржина и заштита на тој материјал. Една од главните улоги на библиотеките во денешно време, а најверојатно и во иднина е искористувањето и поттикнувањето на користењето на информациските и комуникациските технологии, со цел да се постигне општ пристап до информациите. Меѓутоа, и покрај големото значење на библиотеките и нивната улога во општеството, како и покрај тоа што библиотекарството е клучен сегмент во областа на културата, од досегашните согледувања слободно може да се констатира дека библиотеките и библиотекарството се наоѓаат на маргините од севкупните настани во општеството. Многу е сторено со индивидуални и колективни програми и кампањи на самите библиотеки, со цел "да се пренесат пораките секаде наоколу", сепак овие установи од областа на културата сé уште, во извесна смисла, се потценети и се сметаат за инфериорни. Ова е иронија на денешното т.н. “информациско време” и се чини мошне обесхрабрувачки.

Оваа маргинализација може да се согледа од анализа на третманот што им се дава на библиотекарските собири во јавните медиуми, како и од тоа колку јавните медиуми ги следат настаните во библиотеките. Останува отворено прашањето: Зошто е сето тоа така? Дали станува збор за неуважување на професијата библиотекар или за потценување на крајните корисници на библиотечните добра?

Очигледно станува дека односите библиотекар - новинар - јавност не се на завидно ниво, а со самото тоа и конечниот резултат е таков каков што е. Во секој случај состојбата не е поволна и треба да се менува.

## Корисниците, библиотеките и јавните медиуми

Библиотеките и кај нас сé повеќе стануваат место каде што може да се добијат најразлични корисни информации. Со компјутеризацијата во библиотечното работење се овозможува брз пристап до саканите податоци од кое било место. Меѓутоа, сé уште има луѓе што не знаат што сé може да направи за нив една јавна (народна) библиотека. Ваквата ситуација е присутна и во многу поразвиени средини од нашата каде што има десетпати поголем процент на членство во однос на бројот на жителите на едно место. Благодарение на мрежниот информациски сервис, тие може да допрат и до корисниците што никогаш не го пречекориле прагот на некоја библиотека. Веб-страниците на библиотеките, како и онлајн-каталозите се на некој начин медиум за комуникација меѓу библиотекарите и јавноста, со тоа што оваа категорија е ограничена на корисници на библиотеката бидејќи веб-страниците на библиотеките ги користат оние што имаат потреба за некоја информација. Ако сакаме пошироката јавност да добие информации за тоа што се случува внатре во библиотеките и надвор околу нив, треба да се искористат сите средства што ни стојат на располагање, како што се јавните медиуми (електронски и печатени), билбордите, пропагандниот и друг материјал.

## Промовирање на улогата на библиотеките

За да привлече што поголем број корисници, библиотеката треба да промовира атрактивна понуда на информации. Во таа насока од важно значење е претставувањето на библиотеката во средствата за јавно информирање. Потребно е да изгради силна врска со јавноста организирајќи активности што ќе привлечат корисници во библиотеката со помош на промовирање на библиотеките во јавните медиуми. Ниту една програма за односи со јавноста не е комплетна без план за разбирање и соработка со медиумите. Медиумот на некој начин се изедначува со јавноста. Сето она што ќе им се соопшти на медиумите практично ѝсе соопштува на јавноста.

Се разбира соработката со медиумите бара специфична вештина на водење на работите со цел со преносот на пораките да се постигне максимален ефект. Најважната улога и место во афирмирање на работата на библиотеките им припаѓа на јавните медиуми (ТВ, радиото, дневниот и неделниот печат, како и периодиката). Не е точна констатацијата дека во библиотекарството не се случува ништо интересно што би ја заинтригирало пошироката јавност. Читателската публика е живо заинтересирана за сите случувања во библиотеките почнувајќи од набавната политика и нови наслови, па се до библиотекарските собири на кои најчесто се разгледуваат стручни прашања, но и многу повеќе од тоа од што зависи работата на библиотеките во иднина. На тоа јавноста има целосно право.

Досегашната практика укажува на фактот дека јавните медиуми не покажуваат некој особен интерес за случувањата во библиотекарството кај нас. Новинарите ги нема ниту кога се во прашање најголемите собири на библиотекарите, како што е на

пример Годишното собрание на Библиотекарското друштво на Македонија. Во најдобар случај може да се присутни некои претставници на локалните ТВ и радија, а веста обично е кратка и објавена на крајот на информативните емисии. Недостигот од информации за јавноста од овие собири недвојбено укажува на тоа дека на библиотекарството не му се придава значењето што го заслужува.

Но, кои се причините за сето тоа? Ако погледнеме малку самокритички ќе се констатира дека еден од факторите се и самите библиотекари, кои тивко работат, не се наметливи и не водат доволно агресивна кампања за афирмација на својата и тоа како значајна професија. Библиотекарите често се жалат поради стереотипниот приказ на нивната професија во јавноста како плашливи средовечни жени постојано во сенка на своите корисниици. Досега, рака на срце, малку нешто е сторено таквиот однос да се промени. Библиотекарите повеќе не смеат да си дозволат да надвладее срамежливоста, а поддршката треба да се бара во унапредување на услугите и вештините.

**УДК 021:35.072.1(497.7)**

# ВО РАСЧЕКОР МЕЃУ ЖЕЛБИТЕ И МОЖНОСТИТЕ

Владимир Кочоски

***- Транзицијата предолго трае - последиците видливи.***

***- Законот за децентрализација ја влоши состојбата со библиотеките.***

Не претставува никаква тајна дека најпознатите, најголемите, најопремените (кадровски и технички) и најквалитетните библиотеки се наоѓаат во оние земји каде што општествената заедница ги става информациските и образовните потреби на своите членови на највисоко рамниште, а во тие рамки библиотечно-информациската дејност ја определува како стратегиски интерес на своето општество.

Библиотеките чинат една симбиоза на работници што се грижат за севкупното стручно библиотечно работење внатре во самата библиотека, од една страна, но и симбиоза на односи со централната и локалната власт, финансиерите, донаторите на библиотеките, издавачите, доставувачите на интернет, разни невладини организации и други.

Јадрото на библиотеките го чинат постојано вработените во стручните служби, ангажираните работници со договор на определено време и раководството на библиотеките. И додека овие би требало да се занимаваат со спроведување на стручната библиотечна работа, комплетирање на фондовите, унапредување на услугите и програмите на работа, другите би требало постојано да се занимаваат со унапредување на статусните прашања и со развојната стратегија на библиотекарството како значаен сегмент на културата и образованието во една земја.

Примената на меѓународните стандарди за квалитет на библиотечните услуги подразбира целосна согласност на сите чинители кога станува збор за решавање на сите поважни прашања и проблеми што се рефлектираат на површината на библиотечно-информативната дејност, а воедно и почитување на механизмите што овозможуваат развој на професијата. Тоа од своја страна ја наметнува потребата од изградба на јасни проекции за развој на библиотекарството низ механизми што ќе бидат проткаени со нов дух и современи идеи кон кои македонските библиотекари ќе се однесуваат како кон нешто кон кое секогаш треба да се тежнее.

За жал, досегашната практика не оди во прилог на овие констатации. Транзицијата, која предолго трае, не го одминува ниту библиотекарството, а последиците од таквиот однос се видливи. Купувањето книги за библиотеките и воведувањето на компјутеризацијата и примена на програмата на COBISS во библиотечното работење наидуваат на позитивни одгласи во јавноста, што укажува и на постоење извесно разбирање кај политичките власти за потребите на корисниците на библиотечните ресурси.

Меѓутоа, најчесто комуникацијата меѓу надлежните политички структури и библиотекарите не е постојана и систематска. Тоа најмногу дојде до израз со примена на Законот за децентрализација, место обединување во еден заокружен систем, се создадоа услови за неколку категории јавни библиотеки. Пет библиотеки имаат статус на национални, во поголемите градови им се препуштени на општините, додека во помалите населени места функционираат во состав на центрите за култура, а некои се самостојни. Тоа на одреден број библиотеки не им обезбеди ниту елементарна статусна, финансиска, или работна автономност, додека другите ги прави ранливи во услови на чести политички промени кои предизвикуваат и промени во раководните структури во библиотеките. Стабилноста и континуитетот, кои се сметаат за најпосакуваните предуслови за успешно работење на една библиотека, за жал, библиотекарите не можат да ги остварат самите.

Од друга страна вработувањата на работници во библиотеките со договор на определено време и нивното повторување со години има исто така негативни последици. Работниот ефект на тие "библиотекари" е на ниско ниво поради нивниот нерешен статус и не се доволно мотивирани за што поквалитетно извршување на поставените задачи поради тоа што не гледаат сигурност во работата. Од друга страна, во време кога на голема врата влегува компјутеризацијата и автоматизацијата во библиотечното работење, во отсуство на институционално библиотекарско образование, на таквите библиотекари на привремена работа не може сериозно да се смета и да се инвестира во нивно стручно оспособување на разни семинари и курсеви поради фактот што не се знае до кога ќе бидат на работа. Сето тоа во крајна линија негативно влијае врз работата на библиотеките и врз квалитетот на услугите, а тоа најдобро го чувствуваат многубројните членови - читатели. Колку побргу ќе се надминат ваквите состојби - толку подобро.

**УДК 027.7(497.5)**

# ВОСПОСТАВУВАЊЕ НА КВАЛИТЕТОТ ВО СПЕЦИЈАЛНИТЕ И ВИСОКОШКОЛСКИТЕ БИБЛИОТЕКИ ВО ХРВАТСКА - БИБЛИОТЕКИ ВО БОЛОЊСКОТО ОПКРУЖУВАЊЕ

виш библиотекар ЈеленаПетровска
НУУБ "Св. Климент Охридски" Битола

**Клучни зборови:** специјални библиотеки, универзитетски библиотеки, интегриран универзитет, Хрватска, сертификација, Болоњски принципи, ENQA 2005, ISO 9001-2001, аудит

Во организација на Секцијата на специјалните и универзитетските библиотеки што работи во рамките на Хрватското здружение на библиотекарите (ХКД), во Опатија (Р. Хрватска) се одржани традиционална средба и работна конференција, со цел да се промовираат значењето и улогата на библиотеките како дел од процесите на реформата во високото образование.

На последното Собрание на библиотекарите од Р. Хрватска е донесен заклучокот за формирање заедничка комисија на специјалните и универзитетските библиотеки што во изминатиот период работеше на донесувањето и имплементацијата на стратегиските документи и активности во врска со воспоставувањето на квалитетот во работењето. Овој вид библиотеки со своите задачи во голема мера претставуваат носители на образовните напори на Р. Хрватска во сферата на високото образование.

Тридневната работа вклучуваше презентирање на повеќе стручни трудови од областа на воспоставување, контрола и евалуација на библиотекарската работа во согласност со стандардите и правилниците што постојат во областа на библиотекарството во Европа и во Хрватска.

На конференцијата беа претставени и постерски излагања на релевантните теми, но и позитивни примери од практиката. Од постерските излагања учесниците имаа можност да се запознаат со сертификацијата на повеќе поголеми специјални библиотеки, како што е на пр. библиотеката на бродоградилиштето "3 Мај" од Пула, "Сапонија" (фабрика за детергенти од Осијек), "ИНА" (индустрија за производство на нафта и нафтени деривати) од Загреб, како и одделни искуства од библиотеките што ги презентираа резултатите од сопствените евалуации.

Особено внимание е посветено на повеќе позитивни искуства од почетоците за воведување контрола на квалитетот во библиотечната работа во рамките на одделни универзитетски библиотеки. Многу голем интерес предизвикаа добро осмислените работилници во врска со можностите на корисничките бази од пакетот ProQuest, како и работилници на библиотекарите од Комисијата за набавка и меѓубиблиотечна соработка при НСК (Национална и свеучилишна књижница) од Загреб на тема "Примена на стандардите на квалитетот во набавката и меѓубиблиотечно позајмување".

Во рамките на програмата на Конференцијата свој придонес дадоа и традицоналните спонзори чии понуди беа сосема во функција на универзитетските библиотеки. Беа претставени и повеќе извори на информации, особено понудата на САГЕ, каде што на интерактивен начин на присутните библиотекари им понудија користење на нивните бази за различни категории библиотечните корисници. Големите издавачки куќи како што се универзитетската книжарница и антикварница “Доминовиќ” и ИК “Школска книга” од Загреб на присутните им понудија голем број стручни изданија како од хрватската и од светската литература, така и од областа на библиотечното работење.

Библиотекарското друштво од Р. Хрватска вложува големи напори за да остане присутно во јавноста и да се наметне со своето работење, така што стана навистина влијателен фактор во сферата на образованието и на културата. Преведени се сите стратегиски документи поврзани со Болоњската реформа во високото образование, а во тек се поголеми проекти во соработка со странските експерти за трансформација на високошколските библиотеки во рамките на промените во образовниот систем во државата.

Со оглед на промените во високото образование во Р. Македонија, кои систематски го менуваат библиотечното работење како дел од подршката на курикулумите на универзитетот, од голема полза се достигнувањата на земјите во опкружувањето со нивната позитивна практика, особено кога станува збор за начинот на организирањето на универзитетските библиотеки во светлоста на болоњските принципи.

Универзитетските библиотеки во Р. Хрватска со голема сериозност се зафатија со потребата од приспособувањето на своето работење во функција на остварувањето на реформате во високото образование преку трансформацијата на своите услуги и нови проекти што ги следат болоњските насоки. Со оглед дека денешната институција **"интегриран универзитет"** прераснува во центар на доживотно учење, неопходно е контролирањето на квалитетот на студиските групи, а со тоа се отвора и процесот на донесувањето сертификат за квалитетно работење на универзитетските библиотеки.

Појдовна основа за почнување на процесот на евалуацијата на библиотечното работење претставуваат стратегиските документи, од кои се позначајни: **ENQA 2005** и **ISO 9001-2001.** Тие претставуваат основни документи важни за евалуацијата на библиотечните институции, т.е. на сите нејзини сегменти во библиотечното работење. Понатаму од ISO 9000 произлегоа посебни стандарди за библиотечната дејност, како што се ISO 11620 (Information and Documentation: Perfomance Indicators for Libraries),ISO/DIS 2789 (Information and Documentation: International Library Statistics), ISO/NP TR 20983(Information and Documentation: Performance Indicators for Electronic Library Services).

Во Хрватска во процесот на сертификацијата се вклучени Министерство за образование, Министерство за култура, како и Хрватскиот завод за нормирање. Секако дека без проактивно учество на библиотекарите од универзитетските библиотеки и на целата библиотечна јавност процесот би останал само на идеја. Од Заводот за нормирање беа понудени стратегиски документи како што се HZN /TQ 176 I HZN/TQ46 што се однесуваат на библиотечната документација, како и ткн. "готвачка" ("куварица") за почетници во областа на нормирањето и стекнување со сертификатот за квалитетот во библиотечното работење.

Можеби би се запрашале зошто е потребна толку сложена процедура за сертификацијата на библиотечната работа. Одговорот во најголем дел лежи во корисниците на библиотечните услуги и можноста како библиотеките што повеќе да ги приспособат своите програми кон разновидниот профил корисници. Потоа не помалку значајна е и подобрата внатрешна организација во работењето, како и периодичното испитување на влезните и излезните резултати од работењето, превенцијата и поправните мерки во организацијата на библиотечната дејност и севкупното промовирање подобри показатели на успешноста.

Појдовна основа за успешното справување со настанатите промени претставуваат акредитацијата на универзитетот и донесувањето на процедурите, документите што одат во насока на барањето на **ревизија** или оценување на работата на универзитетските библиотеки со утврдувањето на одделните сегменти во работењето, што секако ги опфаќа и библиотеките како значаен сегмент во остварувањето на квалитетното студирање. Потребно е консултирање со сите релевантни фактори, најчесто и надвор од државата и правилен избор на фирма за евалуацијата.

Процесот на воспоставување на подготвителни чекори за евалуацијата се состои од прегледување на документите, нормите, правилниците на струката и внатрешната организација на процесите и разработувањето на сите чекори во обработка на библиотечните единици. Понатаму, задолжителен е внимателен избор на оној што сертификува, а кој треба самиот да поседува лиценца за таа работа, а треба да ја помине и проверката за поседување на релевантните знаења од одредена област што е предмет на сертификацијата.

Искуствата од Словенија покажуваат добра практика и во Р. Хрватска, каде што се направени првичните чекори невладините организации да имаат ист третман како тело на владата што во моментот е задолжено за вреднување или за сертификација на квалитетот. Во Словенија, како и во Хрватска, по донесувањето и ревидирањето на постојните закони за библиотечната дејност, стратегиите за дејствување најчесто до 2009 или 2010, како и на правилниците за условите на изведувањето на библиотеечната дејност, многу библиотеки пристапија кон изготвување на идејните решенија за добивањето сертификат за квалитетно работење. Тоа претставува и основен елемент што ги издвојува универзитетските библиотеки од другите делови на универзитетот. Секако дека моќта на добро организираниот ресурс на податоци е пред се во стручната библиотечна служба, како и во профилот на нејзините корисници. Повеќе анкети што се спроведени на универзитетите насекаде во Европа укажуваат на влијанието на библиотеката врз степенот на успешноста на студирањето, како и на квалитетот во работата на професорите било во наставата или во пишувањето на учебниците и стручните трудови.

Вреднувањето на универзитетските библиотеки главно ги опфаќа сите сегменти во нејзиното работење како што се:

- утврдување на процесите во работењето на библиотеката (од обрасците за набавка, користењето на библиотечниот материјал, интерните известувања и комуникацијата, па се до процедурите на меѓубиблиотечна позајмица итн.),

- опис на функционирањето на дадените процеси,

- опис на задачите во работниот процес и тоа исклучиво на тие што навистина се применуваат (се работи - нема да се работи),

- опис на користени документи,

- речник на поими (клучни зборови),

- користена литература.

Секако дека не е помалку важен **процесот на самооценување**, при што освен интерните показатели, значајна улога има и **екстерното независно оценување** што може да биде организирано од пријателска ревизија (мислење на колега од иста струка, но од различна институција), како и независно оценувањеоднадвор. Целта на евалуацијата е во прв ред подобрување на работата и менување на постојните процедури во работењето на библиотеката. **Ревизорот** секогаш настапува со "покажи и докажи" и бара точно определени операции што се дефинирани со соодветните документи.

На крајот на Конференцијата беа извлечени заклучоци и препораки до следната конференција што најмногу се однесуваа на проблемите во врска со автоматизацијата на универзитетските библиотеки и проблемите што настанаа со (не)примена на новата програма Bosaгер, кој хрватската влада го промовира минатата година за потребите на академската заедница.

Општите заклучоци што главно ги препознаваме како дел и од нашето библиотечно секојдневие се однесуваат на мошне мала вклученост на библиотекарите и библиотеките во одборите за воспоставување на стандардите на квалитетот во библиотечното работење во државата, како и на нивната инертност и незаитересираност за спроведување на потребите на Болоњските реформи во образованието. Беа отворени поголем број прашања во врска со подготвеноста на хрватските библиотекари за сертификацијата во однос на постојаното префрлување на одговорноста за воспоставување на квалитетот во работата меѓу државните органи и библиотечните работници. Се дискутираше за предлогот нормите и стандардите во библиотеките да се дадат на јавна расправа, да се отворат дискусии во врска со просторот, техничката опременост и кадарот, за сите прашања да се дискутира преку новите форми, во прв ред на веб-страницата на ХКД (Хрватско књижничарско друштво). Исто така беше даден и предлог за отворање на работно место библиотекар - координатор при Министерството за култура за високошколските библиотеки, со што би се зајакнало влијанието на библиотекарите и би се овозможило подобра комуникација со ресорното министерство, што како добра практика може да се искористи и во нашата библиотечна стварност. Како и на сите конференции, библиотекарите искористија слободно време за размена на искуства и склучување нови пријателства.

**Резиме**

Библиотеките како дел од новата ера во целост се зависни од голем број информации што го определуваат профилот на нивната активност. Евалуацијата на многубројните информации, напредокот на науката, процесите на глобализацијата, институционалните реформи, особено во сферата на универзитетското образование, всушност се основен двигател на организациските библиотечни промени како резултат на профилот на библиотечниот корисник. Во тоа светло, промената на библиотечните услуги претставува логистичка поддршка на знаењето во општ контекст, но и пошироко го дефинира развојот на општеството.

Стандардите од серијата ISO 9000 се користат за евалуација на библиотечните услуги. Задоволувањето на потребите на библиотечните корисници е параметар за квалитетот во библиотечното работење. Квалитетот се дефинира со планирање, контрола и перманентно приспособување кон корисничките потреби.

Универзитетските библиотеки станаа параметар на образовните реформи во светлоста на Болоњскиот процес. И заправо затоа еден од најважните показатели за акредитацијата и успешноста на универзитетот претставува добро осмислено библиотечно работење што го вклучува процесот на евалуацијата во однос на организациската поставеност на библиотеката во системот.

**Summary**

In the very beginning of the new age libraries are in the situation to depend on a huge number of facts which influence their activities.

The evolution of information, technology, exponential grow of science, world global process, university reforms and institutional university libraries are the main factors of changing the library relationship toward their customers.

Changing their activities was always been logistic support to knowledge and prosperity of the community.

University libraries become parameter of high education reforms as a part of Bologna processes . So one of the condition for accreditation of university and measuring of evaluation of quality of studies programs are carefully prepared library informational work.

Standards from the ISO 9000 series can be used in libraries as institutions providing services for users. Quality in libraries means that library services are satisfying user needs. Quality management means that service quality should be planned, controlled and permanently adapted to user needs.

Considering the evaluation of universities libraries are without doubt liable to the same parameters of which the quality of studies are determined .

**Користена литература:**


1. Адизес Исак. *Овладување со промените*, ДЕТРА Центар, Скопје, 1994

2. Ambro•iæ Melita, Evaluacija knji•nica i utvrðivanje uspješnosti njihovog poslovanja,doktorska disertacija, Zagreb, Filozofski fakultet, 1999

3. Melita Ambroziè,Neke zemlje mere uèinak i rezultate-veæina bi •elela da meri bar nešto (abstrakt),Glasnik NBS,1/2004

4. Aparac Tatjana, Knji•nièna znanost u posljednjem desetljeæu dvadesetoga stoljeæa, Vjesnik bibliotekara Hrvatske. 40, ½,HKD, Zagreb, (1997)

5. Aparac Tatjana-Gazivoda, Sveuèilišni biblioteèni sustavi u teoriji i praksi, Vjesnik bibliotekara Hrvatske", god. 33/1990. HKD, Zagreb

6. Brofi, Piter, Biblioteka u dvadeset prvom veku, CLIO, Beograd,2005

7. Gorman,Michael. Postojana knji•nica: tehnologija, tradicija i potraga za ravnote•om. . Zagreb: HKD.2006

8. 10.dani specijalnih i visokoškolskih knji•nica, radni materijali, Opatija,2007

9. Dizdar Senada, Savjetovanje o reformi visokog obrazovanja i implementaciji Bolonjskog procesa na Univerzitetu u Sarajevu, www.unsa.ba/pdf/SAVJETOVANJE-Z/Z%20BIBLIOTEKA.doc

10. Матутиновиќ, С. Филипи: Вредновање рада библиотека, Инфотека, 6, 1-2, Београд, Ivoševiæ V., Mondekar D.,Geven K., Bols A., Vodiè kroz osiguranje kvalitetau visokom školstvu, Priruènik za profesore i studente, Socijaldemokratska studentska unija, Zagreb,2006

УДК 050.486(497.7):61

# СТРУЧНИ И НАУЧНИ СПИСАНИЈА ОД ОБЛАСТА НА МЕДИЦИНАТА ВО МАКЕДОНИЈА (издадени до 2007 год.)

м-р Ленче Даневска,
раководител на Централната медицинска библиотека

Неколку списанија од областа на медицината се медиум во кој лекарите од сите специјалности, како и другиот биомедицински персонал ги презентираат своите достигнувања, сознанија, откритија, прикази на случаи, соопштенија, итн. од медицината и сродните гранки. Некои опстојуваат речиси шест децении, колку и Медицинскиот факултет во Скопје, а некои се од понов датум. Овде е даден преглед на списанијата што се создадени во периодот кога Република Македонија беше во рамките на поранешната СФР Југославија, како и на оние издадени од осамостојувањето на нашава држава од 1991 до 2007 година.

Тоа се:

- Македонски медицински преглед;
- Македонско списание за медицина (порано: Годишен зборник на Медицинскиот факултет);
- Acta Chirurgica Macedonica (може да се смета како продолжение на Acta Chirurgica Iugoslavica, иако списанието со ваков наслов се уште се печати во Република Србија);
- Педијатрија - Годишна ревија;
- Acta Morphologica: Публикација на Здружението на анатомите и морфолозите на Македонија.
- PhysioActa: Списание на Здружението на физиолозите и антрополозите на Македонија.
- Прилози: Списание на Македонската академија на науките и уметностите, Одделение за биолошки и медицински науки

Целта на овој материјал е да ги презентира основните карактеристики на овие списанија, односно податоците за редовност во излегувањето, начинот на печатење на трудовите, индексираноста и други технички податоци. Исто така, целта е да се истакнат сите оние медицински специјалисти што дале свој особен придонес во иницијативата за излегување на некое списание, во неговото обликување, егзистирање и квалитет на печатениот материјал. Тоа се главно еминентни лекари од нашево поднебје и пошироко (кога Македонија била во рамките на СФРЈ), кои не штедејќи го своето драгоцено време, се обиделе да остават печат овде и во светот од она што се нарекува македонска медицина.

**Македонски медицински преглед.**

Најстарото списание од областа на медицината што излегува на македонска почва е *Македонски медицински преглед*, списание што го издава Македонското лекарско друштво. Првиот број на Македонски медицински преглед - ММП е издаден во 1946 година. Првите трудови се напишани од првиот претседател на ММП, д-р Х. Минчев и секретарот д-р Д. Арсов. Потоа главни и одговорни уредници на списанието биле: проф. д-р Борис Спиров, доц. д-р Димитрие Атанацковиќ, доц. д-р Доне Миовски, проф. д-р Исак Таџер, проф. д-р Методија Станковски, проф. д-р Јонче Неделковски, проф. д-р Јосип Новак, проф. д-р Љупчо Гроздев, проф. д-р Делка Стојанова и проф. д-р Ѓорѓи Зографски. Покрај редовните броеви, во изминатиот период во рамките на списанието се отпечатени и 66 суплементи. Посебно внимание заслужува издавањето на две библиографии досега, а третата е во тек на печатење. Првата библиографија на ММП го покрива периодот од 1946 до 1985 година, втората од 1985 до 1996 и третата, која ќе излезе во 2008 година, од 1997 до 2007 година. Трудовите во ова списание се печатат на македонски јазик, со апстракт на англиски.

**Годишен зборник на Медицинскиот факултет во Скопје.**

За афирмација на Медицинскиот факултет во Скопје, односно за неговиот наставен и научен кадар своја заслуга има и списанието *Годишен зборник на Медицинскиот факултет во Скопје,* кое од 1997 година е преименувано во *Македонско списание за медицина*. Усвоената кратенка на ова списание е Год зб мед фак Скопје, односно Мак спи мед (МСМ).

Првиот волумен или том на ова списание е издаден во *1954 година*.

Прв главен и одговорен уредик бил *проф. д-р Вељко Бујан*; како издавач се појавува Медицинскиот факултет во Скопје, а списанието излегувало само во еден број. Иако со недоследен импресум, издавањето на ова списание со вакви карактеристики може да се следи до *1959 година*. Бројот на печатените трудови бил неограничен, а биле напишани на француски, англиски, германски и на македонски јазик, како и на јазиците на бившата СФРЈ.

Почнувајќи од *1960* година Том ВИИ, главен и одговорен уредник на Год зб Мед фак Скопје бил *проф. д-р Александар Андреевски.* Во *1961/1962* г., том VIII-IX, дошло до смена на главниот и одговорен уредник, повторно бил *проф. д-р Вељко Бујан*. Од *1964* г. том XI, претседател на редакцискиот колегиум на Научниот одбор на Медицинскиот факултет во Скопје станал *проф. д-р Аврам Садикарио.*

Во континуитет од *1965 до 1985 г.* главен и одговорен уредник на списанието бил *проф. д-р Аврам Садикарио*. Во текот на неговото дваесетгодишно ангажирање (заедно со соработниците) околу уредувањето и издавањето на ова списание, Год зб мед фак Скопје претрпел помали промени и вклучувал интересни и значајни информации.

Во вол. XX од *1974* г. воведен збор има деканот на Медицинскиот факултет проф. д-р Радован Перчинковски посветен на 25 години на Универзитетот "Кирил и Методиј" во Скопје (1949-1974). На насловната страница од *1979* г., вол. 25, стои еден интересен податок: редовно се цитира во Index Medicus, како и интернационалниот број за сериски публикации: YU ISSN 0065-1214. Станува веќе унифицирано и излегувањето на

списанието: се печати еднаш годишно на македонски јазик со извадок на англиски јазик. За првпат има и индекс на автори, како и упатство до авторите. Во 1980 г. дел од трудовите се посветени на 30 години на Медицинскиот факултет во Скопје (1947 - 1977).

Од *1981* год., вол 27, списанието го менува форматот (А4), како и изгледот на корицата. Печатењето на трудовите е воедначено (во две колумни).

Од *1982 до 1986* г. почнува да излегува во два броја. Вториот број од вол. 30 во *1984* г. му е посветен на *проф. д-р Аврам Садикарио*, по повод неговото пензионирање од професор и директор на Клиниката за детски болести при Медицинскиот факултет во Скопје. Во посветата стои дека проф. д-р Аврам Садикарио бил главен и одговорен уредник на Год зб Мед фак Ск од 1965 г. (вкупно 20 години). Во овој број е вклучена и *Библиографија на Годишниот зборник на Медицинскиот факултет во Скопје за триесетте години излегување (1954-1983).*

Нов главен и одговорен уредник на ова списание од *1986 г.* станува *проф. д-р Момчило Лазаревски.* Трудовите се лекторирани и на македонски и на англиски јазик, а од оваа година секој труд добива клучни зборови според класификацијата MeCX на Националната медицинска библиотека во Бетезда, САД. Зборникот добива и нов изглед на корицата, така што се појавуваат репродукции на слики од познати уметници. Од *1988*; вол, 34 (1-2) трудовите почнале да се печатат двојазично, а од *1991*, вол. 37, списанието почнало да излегува како двоброј, освен во 1994 вол. 40, кога се издадени 2 броја.

Во *1997;* 43 (1-2) списанието е преименувано во *Македонско списание за медицина/ Macedonian Journal of Medicine*; нов главен и одговорен уредник е *проф. д-р Мирко Спироски.* Претседател на Издавачкиот совет е акад. проф. д-р Момир Поленаковиќ. Корицата има нов изглед со прикази на хистопатолошки/хистолошки препарати или рендгенски снимки. Новина е комплетното електронско доставување на трудовите за печатење.

По двегодишна пауза, во *2001* г. излезе новиот волумен 47 како двоброј, со нов главен и одговорен уредник *проф. д-р Зоран Гучев*. Последен издаден волумен е 53 од 2007 г.

**Acta Chirurgica Iugoslavica** – претходник на **Acta Chirurgica Macedonica.** Заради ангажманот на цела плејада македонски лекари, пред сé, хирурзи, а особено на проф. д-р Кочо Серафимов, во овој материјал треба да се дадат податоци и за поранешното југословенско списание како сојузно гласило на сите хирурзи и ортопеди од Југославија - *Acta Chirurgica Iugoslavica*. Исто така, ова списание може да го сметаме како предвесник на македонското списание на Здружението на хирурзите на Македонија *Acta Chirurgica Macedonica*.

Во *1954* г. како стручно сојузно гласило на сите хирурзи и ортопеди од Југославија почнало да се издава списанието Acta Chirurgica Iugosavica. Уредувачкиот одбор (Redactores) го сочинувале: Ф. Дерганц од Љубљана, М. Димитриевиќ од Скопје, Ф. Лукач од Сараево, И. Папо од Београд и В. Стојановиќ од Белград, а во Collegium Redactorium од Скопје го пишува *Б. Оберхофер*. На првиот број од списанието стои: ACTA CHIRURGICA IUGOSLAVICA, ANNUS I (II), 1954, Едитор: Медицинска книга, Београд-Загреб.

Истиот одбор функционирал до *1958* г. кога во редакцијата од Скопје влегува *С. Сtавридис*, а во *1961 Б. Драѓоевиќ*. Веќе во *1963 ѓ.* во активностите околу издавањето на ова списание се вклучува *проф. д-р Кочо Серафимов.* Во *1969* г. како член на редакцискиот одбор се појавува и *проф. д-р Петар Тофовиќ*. Трудовите во списанието се печатени на српско-хрватски јазик со извадок на англиски/француски/германски јазик или на еден од светски признатите јазици.

Во *1971-1972,* вол. XVIII-XIX, издавањето на списанието се префрла во Скопје, а како одговорна е *Хируршкаtа секција на Македонскоtо лекарско друштво*. Главен и одговорен уредник станува *проф. д-р Кочо Серафимов*. Како новина е и употребата на јазиците на народите на СФР Југославија. Трудовите главно содржат и извадок на англиски/француски или на германски јазик. Во редакцискиот колегиум од *1974* г. влегува и *проф. д-р Петар Тофовиќ* од Скопје. Во воведот стои дека на заедничкиот состанок на редакцискиот колегиум и уредништвото, одржан во декември 1973 г. е решено, освен резимето на англиски, трудовите да содржат и резиме на руски јазик. Во *1975 вол.* XXII, Том I, во уредништвото од Македонија влегуваат и: Љ. Проданов, Д. Стојков, К. Нича, И. Даскалов, Р. Ферати. Во овој број за прв пат се појавува *Упаtсtво до соработниците*, напишано на српско-хрватски, англиски, германски, руски и на француски јазик.

Списанието излегува во два броја и во бр. 2 од 1982 г. има предговор во кој се означува неговото *десеtѓодишно* непрекинато издавање во Скопје. Во предговорот се наведува дека за тие 10 години се испечатени 45 книги (во просек 4.5 книги годишно) што ги вклучуваат и хируршките конгреси и публикациите од интерсекциските состаноци. Тука е наведен податокот дека *ACI се индексира во Index Medicus од 1975 ѓодина.* До *1989* г. списанието континуирано се издава во Скопје. Од *бр. 2, 1989* уредувањето го презема Институт за болести дигестивног система, Универзитетског клиничког центра, Београд; а како почесен член (и технички уредник) се појавува *проф. д-р К. Серафимов*.

По празнината што настана со распадот на Југославија, се почувствува потреба од обновување на издавање едно списание на македонска почва во кое ќе може да се публикуваат трудови од македонските хирурзи. Во првичната иницијатива постоеше подготвеност ова гласило да и биде достапно и на светската медицинска јавност, со обидот да биде вклучено во најпознатата медицинска база на податоци Index Medicus/Medline. Така во *2001* г. се востанови списанието **Acta Chirurgica Macedonica**, ISSN 1409-5181, списание на Здружението на хирурзите на Македонија од меѓународен карактер. Главен и одговорен уредник е *доц. д-р Владо Сtолевски*. Трудовите се печатат двојазично: на македонски и на англиски, а другите карактеристики се дадени во критериумите за поднесување труд за објавување, кои се наоѓаат во секој број. Досега се излезени 4 броја за четири години; последниот број е издаден во 2004 година.

**Педијатрија: Годишна ревија.**

И педијатрите од Клиниката за детски болести при Клиничкиот центар во Скопје, како и нивните колеги во Република Македонија имаат свој посебен печатен медиум. Тоа е списанието *Педијаtрија : Годишна ревија,* ISSN 1409-567X.

Идејата за издавање на ова списание најдобро е објаснета во Предговорот на уредникот *проф. д-р Мирјана Кочова*: "*Клиникаtа за деtски болесtи и Здружениеtо*

*на педијатрите од Република Македонија...почна со одржување на едукативни семинари "Новини во педијатријата". Организациониот одбор на првиот семинар што ја иницираше оваа активност е во состав: проф. д-р Никола Софијанов, проф. д-р Мирјана Кочова, проф. д-р Нада Поп Јорданова и проф. д-р Никола Зисовски... Сите предавања се целосно печатени во оваа книга која го претставува првиот дел од предвидените 5-10 вакви целини, според интересот. Преостанатите делови ќе бидат печатени по одржување други слични стручни манифестации, еднаш годишно."*

Првата ваква Годишна ревија е издадена во 1996 година, а трудовите во неа се пишувани на македонски јазик.

Во *2001 г.*. вол. 6 на местото главен уредник доаѓа *асс. д-р Ангел Саздовски,* и тогаш во рамките на Педијатрија се испечатени "*Актуелности во педијатријата - 2001*", современи податоци и ставови за актуелни подрачја од педијатријата. Педијатрија - годишна ревија (Review in Pediatrics), вол. 7, 2002 - "*Новини во педијатријата 2002*" - ја содржи *Декларацијата* од членовите на Здружението на педијатрите на Македонија во врска со несогласувањата за предвидените промени во организацијата на здравствениот систем што се однесуваат пред сé на местото и улогата на педијатрите во примарната здравствена заштита. Во стручниот дел се изнесени современи ставови од суспецијалистичките педијатриски области. На вол. 8, *2005* - "*Новини во педијатријата 2005*" уредник е *проф. д-р Љупчо Николовски*. Во него се содржани дел од пленарните предавања одржани првиот ден од III-от Конгрес на педијатрите на Македонија со интернационално учество, а исто така и сите предавања од вториот ден од оваа стручна манифестација. Опфатени се повеќе области од педијатријата, а ревијалните содржини ги содржат новите сознанија од дијагностички и терапевтски аспект од литературата како и лични искуства на авторите од овие области. Во вол. 9 и вол. 10 од 2006 и 2008 г. се содржани трудовите од симпозиумот "*Новини во педијатријата*".

Трудовите во ова списание се напишани на македонски јазик или на англиски и на матичниот јазик со цел да се зачува автентичноста на текстот.

**Acta Morphologica.**

*Публикација на здружението на анатомите и морфолозите на Македонија*, ISSN 1409-9837. Првиот број е издаден во *2004*. Издавач е Институти - Медицински факултет, Скопје, а главен и одговорен уредник е *проф. д-р Добрила Тосовска - Лазарова*. Списанието излегува два пати годишно, а во почетокот трудовите се печатеа двојазично: на македонски и на англиски. Од 2007 г. трудовите се публикуваат само на англиски јазик, со извадок на македонски.

**PhysioActa.**

"Најмладо" списание на територијата на Р. Македонија од областа на медицината. Тоа е списание на *Здружението на физиолозите и антропологиите на Македонија*, ISSN 1857-5587. Издавач е Институти - Медицински факултет, Скопје, а главен и одговорен уредник е *проф. д-р Весела Малеска-Ивановска*. Првиот број е издаден во 2007 г., а излегува два пати годишно иако во напомената на првиот број стои дека по потреба ќе се печатат и суплементи од одделни броеви. Трудовите се печатат на македонски или на англиски јазик, со извадок на англиски.

УДК 027.52:336.13(497.7)

# КОИ СЕ НАЧИНИТЕ ЗА ДОПОЛНИТЕЛНО И ПОСОВРЕМЕНО ФИНАНСИРАЊЕ НА ЛОКАЛНИТЕ БИБЛИОТЕКИ?

Елеонора Стојкова

Длабоко сме навлезени во ерата на глобализацијата, но и во процесот на транзицијата низ кој минува нашето македонско општество дава и нуди нови предизвици што треба да се согледаат и да се прифатат за успешно решавање на тековните и секојдневни работни проблеми, како и со непристрастно и реално согледување на состојбите во организацијата (локалната библиотека) процесот на обезбедување финансиски средства почнува со прибирање и анализа на одредени информации и податоци.

Потребно е да бидеме свесни за нашата состојба, т.е. да ги процениме материјалните, човечките и другите ресурси со кои располага организацијата (библиотеката во случајов), потребите на нашите целни групи, како и да го определиме степенот на нашата препознатливост на целиот пазар за да можеме реално да планираме.

Можеме условно да ги поделиме на три вида потенцијалните дополнителни извори на финансиски и други средства што ги добиваме од буџетот. Имено, едни финансиски извори може да потекнуваат од нудење разни видови производи и услуги, кои со сопствени сили и ресурси ќе се обидеме да ги материјализираме на пазарот. Други финансиски извори и дополнителни средства може да потекнуваат од реализација на проекти, а трети пак да се засноваат врз разни видови парични и непарични донации од физички и / или правни лица.

Законот за културата ја препознава библиотечната дејност како една од дејностите за заштита и користење на движното културно богатство .

Во Законот за библиотеките стои дека „средствата за финасирање на дејноста на локалните библиотеки се обезбедуваат на начин и во постапка утврдена со закон". Постои и одредба што предвидува можност библиотеките да вршат дополнителна, стопанска дејност, како на пример, отворање кафетерија, книжарница, продажба на информативен материјал и слично, "во функција на подобра посетеност и комерцијална презентација и на маркетинг на библиотечните услуги", под услови предвидени со законот, во Законот за библиотеките.

Предвидува дека установите можат да се финансираат од следните извори:

1. државниот и буџетите на локалната самоуправа;
2. фондовите;
3. непосредно од корисниците на јавни услуги;
4. со продажба на услуги и производи на пазарот;
5.камати;
6. авторски права и патенти (ако се во нивна сопственост);

7. подароци;

8. донации;

9. средства од домашни и странски физички и/или правни лица (ова второво се смета како странско вложување);

10. воведување на надоместок или кофинансирање, во вид на целосно или делумно покривање на трошоци за дополнителни услуги;

11. други извори Законот за установите.

Законот предвидува и можност во јавните установи да може да се вложи капитал на домашни и на странски физички и/или правни лица и во тој случај станува збор за институции во мешовита сопственост.

Законот за донациите и спонзорствата во јавните дејности, кој со своите даночни олеснувања за донаторите и спонзорите што даваат свој материјален или финансиски придонес во финансирањето на "јавните дејности", е применлив и за локалните библиотеки како приматели на донации и спонзорства, треба да се спомене овде ова.

Установите (општинските и локалните библиотеки) по дефиниција не се предодредени да добиваат поддршка, тие мораат да ја заработат неа! Треба да размислуваат пазарно и маркетиншки пред сé.

Како се прибираат приходи за локалните библиотеки?

Тоа се прави на неколку начини:

*1. Приходи од буџетот*:

Од буџетот на Министерството за култура се одвојуваат средства што ги добиваат локалните библиотеки, а наскоро од буџетите на единиците на локалната самоуправа, се и ќе бидат основа за новата трајна одржливост во извршувањето на дејноста токму на локалните библиотеки.Немаат развојна компонента износите на овие средства и служат исклучиво за да се покријат трошоците за плати и основните материјални трошоци на работењето.

Во зависност од фактот колку е "богата или колку не е богата" општината библиотеките ќе ја следат судбината на останатите локални организации чие финансирање е во директна корелација со оваа горенаведена зависност, а ова ќе настане кога финансирањето ќе помине на буџетот на локалната самоуправа. .Тогаш финансирањето на локалните библиотеки ќе се разликува од општина до општина од моментот кога финансирањето ќе помине на буџетот на локалната самоуправа.

Треба дополнително да ги мотивира локалните библиотеки да се фокусираат на останатите потенцијални извори за нивно финансирање токму ваквата состојба со основниот извор на финансирање.

*2. Членарина:*

Природен и редовен извор на финансирање на сите библиотеки во Република Македонија е членарината. Во повеќето развиени земји членарината не се плаќа, како и во земјите членки на ЕУ, но со оглед на условите на финансирањето во Македонија, ние сеуште не можеме да си дозволиме да се откажеме од овој извор на финансирање во догледно време. Од висината на сумата и од бројот на членови зависи нејзиното

значење како извор на финансирање.На економската и социјалната слика на градот во кој дејствува библиотеката треба да биде приспособена висината на членарината. Но, висината на членарината од друга страна треба да стимулира и привлекување на нови членови.

*3. Надомест за изнајмување книги:*

Уште еден природен и редовен извор на финансирање на сите библиотеки претставува надоместот за изнајмување на книги. Во зависност од висината на овој надоместок ќе се читањето, што повторно значи приспособување на социо – економската слика на градот.Во вкупниот буџет на библиотеката неговото значење ќе зависи како од неговата висина, така и од остварениот "коефициент на обрт" на книжниот фонд во текот на една година.

*4. Изнајмување на некнижен материјал:*

Со изнајмувањето на некнижен материјал се нуди можност за финансирање преку изнајмување на аудио и видео (ЦД/ ДВД) материјал. Дистрибутерите (увозници) на авторизирани копии (филмови, музика и слично) на ваков начин би биле заинтересирани за ваков вид на соработка. Треба да се направи процена на обемот на пазарот и треба да се контактираат дистрибутерите пред да се започне со овој процес на изнајмување на некнижен материјал. Со оглед на светските трендови за дигитализација на книги (дигитални библиотеки), Треба да се очекува дека наредниот период овој тренд нема да ја заобиколи и Македонија со оглед на светските трендови за дигитализација на книги (дигитални библиотеки). Во оваа насока се и напорите на Владата на Република Македонија за развој на информатичкото и информацискотo општество. Овие двете не се луксуз на современото општество и на современиот тренд туку секојдневна најопходна потреба на секој граѓанин на Македонија.

*5. Услуги засновани врз изнајмување на опрема (ЛЦД проектори, десктоп и преносни компјутери, проекциски платна и слично):*

Ставањето на ваквата опрема во комерцијални цели,а заради финансиски дополнителни средства за библиотеките е сосема нормален дополнителен извор на финансирање.

*6. Интернетски услуги:*

Нудењето на интернетски услуги е уште една можност за дополнителна услуга. Од состојбата на информатичката опрема и од квалитетот и капацитетот на комуникациските врски со кои располагаат библиотеките и процената на пазарот за ваков вид на услуги зависи и вредноста. Може да се дојде до заклучок дека соодветно Интернет – кафе опремено со автомати за кафе и безалкохолни пијалоци е полн погодок во оваа насока ако се направи истражување на локалниот пазар за оваков вид на услуги.Ваков пример веќе имаме во главната Градска библиотека во главниот град Скопје.

*7. Изнајмување на простор:*

Простор за изнајмување постои во секоја библиотека како (читалница, сала за состаноци и слично) подобен и погоден да биде претворен, по потреба во училница или во друг соодветен информативно – едукативен простор, кој може да биде и

изнајмуван. Бидејќи читалницата е најчесто опремена како училница оваа услуга не бара посебно инвестирање. Особено меѓу граѓанските, невладините и меѓународните организации кои дејствуваат на подрачјето на општината потребно е да се популаризира оваа можност.

*8. Организација на настани:*

Организацијата и логистичката поддршка на настани од доменот на културата, образованието, уметноста, науката и слично секоја библиотека може во својата стандардна понуда на дополнителни услуги да ја вклучи. Потребно да се располага со тим способен да ја преземе оваа функција за да се реализира вакво нешто. Во некои случаи, оваа услуга може да се комбинира и со изнајмување на простор.

*9. Инфо катчиња:*

По примерот на оние кои ги формираат некои донатори, како на пример, земјите на Европската Унија, разни невладини организации, фондации и други може да се формираат информативни катчиња. Информатичка и комуникациска опрема за библиотеката, печатен материјал, како и соодветни средства за персоналот кој ќе го води катчето и слично ваквите катчиња треба да обезбедат.

*10. Донации*:

Донацијата како доброволна и безусловна помош на пари, добра и услуги која не создава директна корист за давателот, ниту пак обврска за враќање од примателот на донацијата и која може да биде дадена за цели од јавен интерес или за подршка на активностите на примателот вака ја дефинира Законот за донации и за спонзорства.По својата дејност и положба, не се посебно атрактивни за донаторите од бизнис секторот сами библиотеки, што значи дека за поголема искористеност на оваа потенцијална можност треба да бидат преземени мерки за градење на имиџ (позитивна препознатливост) на целниот пазар.Секоја локална библиотека треба да си има свој заштитен знак (белег) по кој ќе се разликува од останатите библиотеки, а кој знак ќе и овозможи во исто време и моќен финансиски донатор.

*11. Спонзорства:*

Доброволна финансиска исплата, давање добра или услуги за конкретен проект и / или активност преставува спонзорството, што пак овозможува директна корист за давателот, како што се промоција на името, фирмата и заштитниот знак на давателот на спонзорството. Афирмативно искажување на името, фирмата и заштитниот знак на давателот се подразбира под терминот "промоција". Истото важи и за спонзорствата сето предходно речено за атрактивноста на библиотеките, како примателн на донации.

*12. Бесплатен примерок:*

Не е предвидена обврска за доставување бесплатен примерок на публикации на општинските библиотеки со Законот за бесплатен примерок. Асоцијацијата на библиотеки би морала да лобира за измена на постојниот Закон сметаат авторите, во смисла на воведување на обврска на издавачите за доставување по една копија од секоја издадена писмена публикација до јавните општински библиотеки. Да обезбедат соодветна "ажурност" во следењето на издавачката дејност во земјата ваквата практика би им овозможила на општинските библиотеки. Далеку ја надминува материјалната

вредност на примените публикации ползата од ваквата практика, особено во контекст на обезбедување на поголемо членство во библиотеките.И за дневните весници и за другите печатени списанија би требало да се побара истото.

*13. Донирање на поддржани изданија:*

Донирањето на поддржани изданија се сосстои во тоа што библиотеките би морале да воспостават соработка со соодветните организации и институции кои подржуваат печатење на многубројни изданија врзани за извршување на нивната мисија. Разни меѓународни организации, развојни агенции, невладини организации и слично спаѓаат во оваа категорија. Добивање на бесплатни примероци од изданијата кои се печатат, спонзорирани од овие организации и институции би била целта на овој процес. Доколку соодветно се претставаат институциите (локалните и општинските библиотеки) нема сомнение дека ова е реална можност.

*14. Акции за прибирање на книги:*

Погодна алатка за акции насочени кон физички лица.Ова е акција насочена кон собирање на легати, ракописи, книги, списанија и други материјали кои на граѓаните не им се повеќе потребни. Акцијата за собирање на книги и слично би можела да се реализира под мотото "Книгата никогаш нема век на стареење" или " Ако имате книги кои повеќе не Ви требаат подарете ги на Вашата локалната библиотека". Да се вклучат во оваа акција можат и основните училишта (клубот на младите читатели) кои доброволно би ги собирале книгите од граѓаните, локалните медиуми, локалната самоуправа и така натаму. Од ваквите акции материјалниот ефект не е голем, но овие влијаат кон растот на позитивната препознатливост на целниот пазар од страна на локалните и општинските библиотеки.

*15. Приход од проекти:*

Ова е најреалниот потенцијален извор за позначајно финансирање на локалните библиотеки во моменталната финансиска ситуација на локалните библиотеки. Опстојувале десетици претежно странски донатори или нивни афилијации, како македонски субјекти финансирани од меѓународни организации, од странски влади, фондации и слични институции во минататат деценија во Република Македонија. Се отвораат претпристапните фондови на ЕУ и за институциите од културата во Македонија (читај локалните библиотеки) со стекнувањето на стстусот на земја кандидат. Овој навистина значаен потенцијален извор не треба да се сфати автоматски.

Потребно е да се извршат потребните приспособувања на локалните библиотеки и на нивните вработени за да бидат во состојба успешно да аплицираат и да имплементираат проекти.

Потребно е да се обезбедат потребните информации за потенцијалните донатори, нивните цели и приоритети, условите под кои тие се заинтересирани да финансираат и слично во оваа смсила.

Потребно е вработените во библиотеките да се обучат во пишување на проектни апликации, како и во проектниот менаџмент, да се приспособи библиотеката за работа на проектни потреби и активности и за слични аспекти предизвикани од создавањето и спроведувањето на проектите во практиката во оваа насока.

***Впрочем, успешното дополнително финансирање не е магична формула којашто треба да се спроведе и успехот ќе биде загарантиран задолжително. Тоа едноставно претставува напорен труд на дел од луѓето, но и на сите вработени во библиотеките коишто само треба да бидат соодветно подготвени за тој чин или таков вид на работа.***

Барањето на "тајните" за успешно прибирање на финансиски средства за локалните библиотеки, најпрво би требало да се гледаат во следењето на чекорите на стратешкото планирање односно да се одговори на следниве неколку прашања:

Зошто постои Вашата библиотека?

Кои се целите што сакате да ги постигнете?

Како ќе го реализирате зацртаното?

Кому ќе му користи она што сакате да го направите?

Зошто некој би требало да Ви помогне?

Одговорите на овие прашања ја подобрува комуникацијата, соработката и довербата на сите нивоа во локалната библиотека;

Го воведува принципот на тимска работа, дефинира конкретни задачи и односи помеѓу раководството, волонтерите и вработените;

Востановува критериуми за утврдување на успешноста на сите вклучени членови на организацијата (лоакалната библиотека).

Планот за прибирање на финансиски средства треба да ги опфати: целите, изворите на финансиски средства, методи кои ќе се користат, потребни вложувања (расходи) и временски план.

Пишување на проекти, реклами, посебни настани, пишување писма, донации, нефинансиска помош, членство, посебни кампањи, публикации, разгледници, сувенири, кофинансирање , директни контакти, здружен маркетинг и имејл маркетинг ,сите овие наведени претставуваат техники за прибирање на средства.

Претпоставува постоење на соодветна организациска шема и вработени /членови кои ги задоволуваат потребните барања за извршување на оваа дејност успешното прибирање на дополнителни средства за локалните библиотеки. Да овозможува ефикасност во востановувањето на тимската работа, во процесите на информирање, донесување на одлуки, координација на активностите, транспарентност на процесите и слични аспекти на внатрешната организација и менаџмент органиграмот на локалната библиотека треба да се постави така. Од особено големо значење е вработените / членовите да ги поседуваат потребните знаења и вештини, да имаат високо чувство за припадност кон локалната библиотека, да се високо мотивирани во извршувањето на поставените задачи, да и се посветени на својата работа, да се тимски играчи, всушност пред се и над се да ја сакаат библиотеката кадешто работат и да се подготвени да поднесат определени "жртви" за неа од друга страна. Со успешно прибирање на дополнителни средства за локалната библиотека сето ова ќе резултира. Не е буквално собирање на финансиски средства (пари) туку тоа е долготраен и мошне позитивен начин на стекнување, но и на одржување на долгогодишни пријателства

самиот процес на дополнително финансирање. Значи треба во локалните библиотеки да се создадат базични услови како и традиција на создавање на пријателства и традиција на нивно континуирано одржување, а со тоа овозможување на локалните библиотеки да имаат постојани дополнителни извори на финансирање и со тоа да си овозможат континуиран развој и напредок на својата дејност.

За крај, како што рекол Френсис Бекон: "Знаењето е моќ", а локалните библиотеки ја имаат таа моќ преку своите книги како најголемо движно културно наследство, на Македонија да ѝ го покажат патот кон развојот, успехот и напредокот, впрочем секогаш е исплатливо да се инвестира во знаењето, во книгата.

Локалните библиотеки треба да си бидат самите менаџери на својата судбина и успехот е загарантиран.

**Литература:**

1. Маркетинг ориентација на народните библиотеки/ Наде Караџоска;/превод на англиски Билијана Маркоска/.- Прилеп: Градска библиотека "Борка Талески", 2004.

2. Чување и заштита на архивски и библиотечни материјали / Вера Калајлиевска.- Скопје: 2МД, 2001.

**УДК 02:004.738.5]:311.21**

# СТАТИСТИЧКИ ПОДАТОЦИ ЗА ЕЛЕКТРОНСКИТЕ БИБЛИОТЕКИ, КОРИСНИЦИТЕ И ЗА ПУБЛИКАЦИИТЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Кирил Ангелов, виш соработник-библиотекар,
Државен завод за статистика

Поимот "електронска библиотека" е познат збор во Република Македонија може слободно да се каже, долго, од крајот на осумдесеттите години на дваесеттиот век. Во тој период настанаа зачетоците на формирањето на Системот на научно-технолошки информации на Југославија, кој требаше да ја поедностави библиотечната работа и во него беа вклучени неколку институции што се занимаваа со оваа работа. Со распадот на Југославија, овој систем пропадна, а библиотеките вклучени во него продолжија да работат локално.

По некое време, Институтот за информациски науки - Марибор го обнови овој систем и го формираше on-line системот COBISS и во него во 1996 година се вклучија истите институции што учествуваа во SNTIJ: Националната библиотека "Св. Климент Охридски" - Скопје, Матичната и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски" - Битола, Природно-математичкиот факултет од Скопје и Кинотеката на Македонија. Во 2001 година во овој систем се вклучува и Македонската академија на науките и уметностите. Истата година е формирана заемната база COBISS.MK, која овозможи брза, квалитетна и координирана обработка на библиотечниот материјал.

Денес во системот COBISS.MK учествуваат вкупно 40 библиотеки. Во 2003 во системот беше вклучена општинската матична библиотека од Струмица, во 2004 Градската библиотека од Скопје, во 2005 библиотеките на Државниот завод за статистика и на Технолошко-металуршкиот факултет, во 2006 библиотеката на Факултетот за интердисциплинарни студии за јавна администрација - Битола, во 2007 библиотеките на Медицинскиот, Електротехничкиот и на Машинскиот факултет - Скопје, како и библиотеката на Државниот универзитет во Тетово, библиотеките во Крушево, Демир Хисар, Неготино, Дебар и Гостивар и во 2008 година библиотеките на Техничкиот факултет - Битола, на Економскиот факултет - Прилеп, Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања, Институтот за македонски јазик, Економскиот институт, Факултетот за земјоделски науки и храна, Факултетот за ветеринарна медицина, на Земјоделскиот институт и на Правниот факултет "Јустинијан Први" - Скопје.

Бидејќи електронската библиотека подразбира и статистика, ќе наведеме некои поинтересни статистички податоци за библиотеките, корисниците и за публикациите во Република Македонија.

Заемната каталошка база во овој момент има 400.000 записи. Според статистиката што ја прави центарот COBISS.MK, во 2007 година во заемната база на податоци има 386.137, а во локалните бази 446.144 записи. Од центарот COBISS.MK за оваа статистика е направена поделба на универзитетски и високошколски библиотеки, специјализирани и јавни библиотеки, а одделена е Националната библиотека "Св. Климент Охридски".

Според податоците, приливот во 2007 е 16.184 записи вкупно во заемната база COBISS.MK, а преземени се 41.364 записи од COBISS.MK. Од тие 16.184 записи, во НУБ "Св. Климент Охридски" се сработени 12.473, во универзитетските и високошколските библиотеки - 1651, во специјализираните - 896 и во јавните библиотеки - 1794.

Денес речиси сите библиотеки во Република Македонија што се автоматизирани и располагаат со електронски каталог се вклучени во системот COBISS, освен библиотеките на Природно-математичкиот факултет, кои функционираат во системот BIS и библиотеката на универзитетот Југоисточна Европа во Тетово, која користи ALEPH. Некои библиотеки имаат и свои интерни апликации за обработка на фондот (на пр: библиотеката на Народна банка на Македонија, на Економскиот факултет во Скопје). Во тек се активности за вклучување на сите библиотеки на универзитетот "Св. Кирил и Методиј" - Скопје во системот COBISS.MK.

Откога почна овој процес на автоматизација на македонските библиотеки, НУБ "Св. Климент Охридски" организира курсеви за стручно усовршување на библиотекарите. По завршените курсеви, НУБ им доделува лиценци на библиотекарите што успешно ја совладале работата во програмската поддршка COBISS, како и знаењата за каталогизација на библиотечниот материјал. Процесот на формирање на центарот Виртуелна библиотека на Македонија, кој ќе се грижи за библиотечните работи, е започнат и наскоро се очекува да функционира во целост.

Според податоците на Државниот завод за статистика, во Република Македонија има 194 библиотеки. На широката јавност и се достапни 82 библиотеки. Во македонските библиотеки има 2,856.997 наслови и 5,471.176 примероци. Во нив членуваат 120.964 членови. Во 2007 година библиотеките во Македонија имале 4,259.324 кориснички посети. За нарачка на нови публикации библиотеките потрошиле вкупно 20,167.000 денари или околу 330.000 евра. Во библиотеките работат 594 вработени, од кои 429 жени.

Во 2007 година во Македонија биле издадени 943 наслови и 1,442 примероци, книги и брошури, од кои 771 наслов е на кирилица, а 125 наслови на латинско писмо. Од тие 943 наслови, 767 излегле на македонски јазик, а 80 на албански, 54 на повеќе јазици, 25 на англиски, 9 на турски, 5 на српски и по 1 на бугарски, влашки и словенечки јазик.

Во Република Македонија во 2007 година биле издадени 26 наслови на весници, од кои 7 дневни весници, 5 - неделни, 2 - двонеделни, 3 - месечни, 2 - тримесечни, 1 - полугодишен, 2 - годишни и 2 повремени и по потреба. Од тие 26 наслови, 22 излегле на македонски, 1 на албански, 1 на турски и два на повеќе јазици или вкупно 29.401 примерок.

Во истата година биле испечатени 177 наслови на списанија.

**Заклучок:**

Библиотекарското друштво на Македонија цени дека во Република Македонија постои добра клима за уште подобра имплементација на електронска обработка на библиотечниот материјал, што секако ќе има свои добри резултати што најпрво ќе ги почувствуваат корисниците на услугите на нашите библиотеки.

Исто така, сакаме да напоменеме дека досега на нашите универзитети не постојат студии по библиотекарство, но сега работите се променети и во тек се разговори со односните министерства и факултети за отворање Катедра по библиотекарство и информатички науки, што ќе придонесе оваа струка во Македонија да добие уште подобри позиции како на пазарот на трудот, така и во општеството во целина.

Верувам дека во следна пригода ќе можеме да се пофалиме со уште еден успех, со пренесувањето на знаењата за библиотекарството на најмладите, така што заеднички како библиотекари ќе ја организираме средбата "Младите библиотекари на Југоисточна Европа во изградбата на информатичкото општество".

**Користени извори:**

"Библиотекарство", вол. 24 (2006), бр.2, Библиотекарско друштво на Македонија, Скопје, 2007

"Издавачка дејност, 2007", Државен завод за статистика, Република Македонија, 2008

www.nubsk.edu.mk - веб-страница на НУБ "Св. Климент Охридски" - Скопје

www.stat.gov.mk - веб-страница на Државен завод за статистика, Република Македонија

"Полноправни членки во системот COBISS и нивно учество во системот на заемна каталогизација" - Жаклина Ѓалевска, НУБ "Св. Климент Охридски" - Скопје

*Р е з и м е :*

Во оваа статија се претставени статистички податоци за библиотеките, нивните корисници и за издавачката дејност во Република Македонија, презентирани низ бројки публикувани од Државниот завод за статистика и од НУБ “Св. Климент Охридски” - Скопје.

Според овие бројки, денес во Република Македонија има 194 библиотеки, 39 од нив располагаат со електронски каталог во системот COBISS. Заемниот каталог во овој систем има 386.505 записи. Во македонските библиотеки има 5,471.176 примероци на книги и тие имаат 4,259.324 кориснички посети.

Во библиотеките работат 594 библиотекари и 429 од нив се жени.

Клучни зборови: библиотека, корисник, издание, статистика

*A b s t r a c t :*

In this article are presented statistics of libraries, theirs users and publishing activity in the Republic of Macedonia, represented through figures which are published by the State Statistical Office and by National and University Library “St. Kliment Ohridski” - Skopje.

According to these figures, nowadays in the Republic of Macedonia are 194 libraries and 39 of them have to disposal electronic catalogue in the system COBISS. Union catalogue in this system has 386.505 records.

In Macedonian libraries are 5,471.176 copies and they have 4,259.324 user visits. In libraries are working 594 librarians and 429 of them are women.

Key words: library, user, edition, statistic

**УДК 027.1 (497.7) (091)**

Тажната судбина на две приватни библиотеки од првата пловина на минатиот век

# УНИШТЕНО КНИЖЕВНО БОГАТСТВО

*- Книгиите на учителоти Трпко Онуфриевски од Лешок изгорени во казан за варење ракија.*
*- Вредни книги од личнаата библиотека на правникоти Симо Момировски, еден од најученииите тетовци меѓу двете светски војни, завршиле на отпад.*

Владимир Кочоски, виш библиотекар

Тажна е судбината на голем дел од културното богатство на Македонија. Нема педа земја каде да копнеш, а да не наидеш на остатоци од животот на нашите предци, ниту стара куќа, манастир или црква што не крие материјално, но и големо духовно богатство, кое, за жал, најчесто безмилосно се уништува. Ништо не е подобра судбината и на непроценливо вредни книги од многубројните семејни и лични библиотеки создавани од нашите прдедовци, кои поради незнаење, негрижа или други причини неповратно се загубени, а со тоа и дел од нашата македонска културна историја. Во овој текст ќе се задржам само на два случаја иако таква е судбината на уште многу други за кои поподробно ќе објасниме во некоја друга пригода.

*

Учителот **Трпко Онуфриевски** од тетовското Лешок, син на популарниот свештеник поп Спиро Онуфриевски, бил голем љубител на книгата и убавата литература. Создал богата библиотека, како со книги од верски карактер, така и со дела од популарни автори на српски и на руски јазик.

Трпко Онуфриевски е роден во 1896 година во Лешок, каде што и го добил основното образование, а богословско-учителско училиште завршил во 1918 година во Призрен. Потоа службувал во повеќе тетовски села. Учителствувал во Отуње, Раотинце, Слатино и Блаце, а поради тоа што децата ги учел на народен јазик, на тетовски говор, српските власти по казна го испратиле да учителствува во Лесковац (Србија). Поради болест се враќа во родниот Лешок, каде што во една соба ги собрал и грижливо ги чувал сите книги што ги купувал. За жал, учителот Трпко Онуфриевски има краток живот и во јули 1933 година умира на 37-годишна возраст. Неговата смрт новинарот Боро Јосифовски од Тетово ќе ја одбележи во весникот "Вардар".

По смртта на Трпко Онуфриевски, богослужбените книги (*Требник, Молитвословие* и други) ги зеле татко му поп Спиро и брат му поп Ѓиго Онуфриевски. Другите книги ќе останат во неговата соба сѐ до 1941 година кога во Тетовско доаѓаат германските окупаторски сили. Германците куќата на семејството Онуфриевски во Лешок ја избрале за нивен штаб, а во собата каде што била библиотеката на учителот Трпко, поставиле телеграфска станица. Книгите биле пренесени во влажните подрумски простории.

Во неколкуте години пред Втората светска војна Лешок и Лешочкиот манастир го посетувале многубројни научници од Белград, кои со себе зеле и дел од библиотеката на учителот Трпко. Непосредно пред окупација на земјата во 1941 година, Борис Марков од блиското село Отуње, од стариот поп Спиро од Трпковата библиотека добил еден оригинален примерок од книгата "Огледало" од Кирил Пејчиновиќ, печатена во Будим 1816 година, кое му го предал на професорот д-р Харалампие Поленаковиќ, каде што и денес - според зборовите на Митко Спировски, внукот на Трпко - се наоѓа во неговата оставнина.

По ослободувањето од фашистичките окупаторски сили никој од роднините на учителот Трпко не се сетил книгите да ги извади од подрумските простории и да ги заштити. По десетина години, околу 1956 година, според сеќавањето на неговиот тогаш седум-осум годишен внук Митко Спировски, кога се варело ракија, заедно со дрва во казанот биле горени и мувлосаните книги што се ваделе од подрумот. Тоа било и крај на библиотеката на лешочкиот учител Трпко Онуфриевски. Кои сé книги и стари ракописи, ги имал и колкаво вредно книжевно наследство е уништено, веќе никој не знае. Останати се само уште четири-пет книги, меѓу кои и споменатото *Молитвословие,* како и еден *Требник,* кој долги години го чувал поп Стојче Ристовски, родум од Лешок, кој живее во Скопје, а во 2006 година му го предава на Митко Спировски, на внукот на поп Трпко Онуфриевски, кој исто така живее и работи во Скопје.

*

Во триесеттите години од минатиот век во рамките на Државната реална гимназија, која тогаш се викала "Јован Скерлиќ", според раскажувањето на познатиот инженер архитект **Александар Серафимовски** (1924-2004), кој во годините непосредно пред Втората светска војна учел во тетовската гимназија, функционирале две библиотеки. Една за учениците, која била сместена во една приземна просторија во втората стара зграда на поранешното училиште крај реката Пена, а другата за професорите, која била поголема и со неа раководел **Лука Војводиќ**, Црногорец, професор по општа и национална историја и југословенска книжевност, сопруг на познатата тетовска интерпретаторка на изворни народни песни на Радио Скопје од првата повоена генерација, Олга Сичанка. Иако живеел како потстанар во куќата на познатиот адвокат Симо Момировски на улицата "Илинденска", цел еден ѕид од собата му бил зафатен со разни книги. Умрел во Чачак (Србија) во 1998 година доживувајќи мошне длабока старост, над сто години.

*

**Симо Момировски** (1885-1951) во годините по Првата светска војна ќе создаде, за тогашни услови, навистина импозантна домашна библиотека и е сметан за еден од најобразованите тетовци на своето време. Завршил правен факултет во Истанбул. Течно зборувал турски, француски, германски, италијански, бугарски и српски. По завршување на школувањето се враќа во Тетово, каде што отвора адвокатска канцеларија. По отворањето на тетовската гимназија, тој ќе биде еден од првите нејзини директори, а потоа станува акционер и директор на тетовската Трговско-индустриска банка, која работи до почетокот на Втората светска војна. По ослободувањето сиот имот на банката е пренесен во корист на Стопанска банка на Македонија.

Симо Момировски во својата библиотека, според зборовите на неговиот внук Љубомир Момировски, се претпоставува дека имал околу 1500 наслови разна литература. Книгите печатени на повеќе јазици ги чувал во четири големи двокрилни застаклени дрвени ормани со по пет полици и тоа во два реда. Покрај делата на класиците, во неа имало книги од областа на правото, но и многу верски книги (православни и исламски). По неговата смрт во 1951 година книжниот фонд полека почнува да се намалува. Во 1969 година дел од верските книги со исламска содржина од семејството Момировски биле предадени на користење и чување на Медресата во Скопје, за што имаат добиено и соодветна приемница и благодарница. По смртта на Симовата сопруга Марија Стојанова - Андрејчин во 1976 година, инаку ќерка на познатиот учител Андреја Андрејчин, куќата во која дотогаш живееле, а се наоѓа на улицата "Тодор Циповски - Мерџан" бр. 97, на пресекот со ул. "Гоце Делчев" во населбата "Два бреста", била продадена. За време на селидбата остатокот од книгите од Симовата библиотека завршиле како стара хартија продадена на отпад. **Љубомир Момировски**, внук од синот Момир, успеал да зачува само еден мал дел од книгите кои ги има и денес.

УДК 027.022(497.774):655

# ИЗДАВАЧКАТА ДЕЈНОСТ ВО НУУБ "СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ" - БИТОЛА ЗА 2008 ГОДИНА

Ленче Андоновска, виш библиотекар

Националната установа - Универзитетска библиотека "Св.Климент Охридски" - Битола, како една од најстарите културни институции на подрачјето на општина Битола и пошироко во југозападниот регион на Р. Македонија, се стреми да ги достигне највисоките вредности во библиотечното работење.

За 2007 година од локалната ТВ ОРБИС, на предлог од граѓаните на општина Битола, добивме плакета за најуспешен издавач во општина Битола, што претставуваше поттик за во 2008 година не само да продолжиме со тоа темпо, туку и да го надминеме.

Ни претставува особено задоволство да ги презентираме активностите и резултатите што беа преземени и остварени во периодот од 01.01.2008 до 31.12.2008 година во поглед на издавачката дејност на библиотеката. Неа ја карактеризираат активности и резултати што се многу значајни за библиотеката и тоа во поглед на остварувањето на програмските активности.

Во 2008 година ги издадовме следните изданија:

Изработен е **дигитален повеќенаменски диск (ДВД) за НУУБ "Св. Климент Охридски" - Битола**, кое претставува документарен филм за библиотеката во траење од 17 минути. Да се изработи еден ваков диск, не беше ни малку лесно, туку за сето тоа беше потребна тимска работа за да може сето она што е важно за библиотеката, во кратки црти, да се внесе и тоа историјатот на библиотеката, да се прикаже патот на книгата од набавката, па се до крајниот корисник, сите сектори во библиотеката, издавачката дејност, меѓународната соработка и визијата на библиотеката.




Дигиталниот повеќенаменски диск е изработен на македонски и на англиски јазик за да можеме слободно да се претставиме надвор од Република Македонија.

Автори на дискот се Ленче Андоновска и Гордана Пешевска;




**Песни од ракопис до книга,** во која се застапени оригиналните ракописи на Ванчо Николески, кои четириесеттина години се чуваат во роднокрајната збирка на нашата библиотека, и според нашите согледувања, од објавениот фонд на авторот овие ракописи во македонската литература досега не се обелоденети.

Во книгата *"Песни - од ракопис до книга"* застапени се вкупно 54 песни, една поема и четири приказни во стихови, скенирани се 39 страници од оригиналните ракописи во тетратка, од кои 19 песни се целосни, а 6 делумно скенирани.

Уредници на книгата се Анета Стефановска, Науме Ѓоргиевски и Милка Котевска;




· Традиционално е издаден **Зборник на излагања од Третата роднокрајна средба со битолските писатели од Македонија.**

Беше одржана тркалезна маса со роднокрајните автори, кои учествуваа со свои текстови на тема: Главниот лик - проекција на авторовата визија и истите текстови се застапени во Зборникот.

Главен и одговорен уредник на Зборникот е д-р Николче Велјановски;

Издадена е книгата **"Значајни личности за Битола - писатели",** која претставува продолжение на *"Значајни личности за Битола".*

Во чест на патронот празник "Свети Климент Охридски" - на 5 декември ја промовиравме и книгата *"Значајни личности за Битола – писатели"*, во која се застапени 42 писатели, кои се значајни за Битола.

Не беше нималку лесно да се направи селекција од околку 70 писатели, но сепак редакцискиот одбор строго се држеше на критериумите и тоа писателот да биде роден во Битола, да се школувал во Битола, да пишувал за Битола и да има издадено над 5 монографски публикации.




Книгата е преведена на англиски јазик, што ќе овозможи достојна презентација на нашите писатели надвор од границите на Република Македонија.

Опфатени се биографските како и библиографските податоци за писателите. Од вкупно 42 писатели, 32 се членови на Друштвото на писатели на Македонија, од кои тројца се и академици.

Се работи за монографска публикација од група автори и тоа: Ленче Андоновска, Науме Ѓоргиевски, Благој Николов, Гордана Пешевска, Анета Стефановска и Светлана Талеска.

Желбата на наведените автори е и следните години да продолжиме со едиција на значајни личности за Битола од различни области.

**Библиографија на НУ-УБ "Св. Климент Охридски" – Битола (1945 – 2008),** односно од своето основање, па се до денес.




Во нашата институција имаме посебен сектор Библиографии, каде што се изработуваат најразлични библиографии, а во 2008 година беше издадена Библиографијата на Националната установа - Универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски" - Битола (1945-2008), односно од основањето до денес, која се состои од 930 записи и прилози, во која се опфатени речиси сите изданија, статии од најразлични весници, списанија, секаде каде што има пишувано за библиотеката. Составувачи на библиографијата се Јоланда Бошевска, Цветанка Дамјановска и Лена Секуловска;

Издадовме **џебно издание Свети Климент Охридски** од проф. д-р Вера Стојчевска-Антиќ.




Изработено е во мал формат и претставува џебно издание, кое е многу корисно и може да им послужи на голем број ученици, студенти и на сите граѓани што се заинтересирани за свети Климент Охридски.

Застапено е Пофалното слово од еден анонимен ученик на свети Климент Охридски, кој во 886 година во Охрид ги удрил темелите на Охридската книжевна школа како прв нејзин учител.

Покрај основните историски податоци за работата на првоучителот, застапен е избор од поезија што ги возвишува ликот и делото на свети Климент Охридски.

Списание **"Библиотечен тренд"**, излегува двапати годишно во двоброј.




Уредник на списанието е д-р Николче Велјановски и во истото се застапени поважните настани што се случуваат во библиотеката, новите книги што се набавени, кои се најчитани книги, слики и настани од промоции во библиотеката, односно е добар информатор за случувањата и збиднувањата во Библиотеката.



*Резиме:*

Во 2008 година, нашата библиотека беше издавач на следните изданија:

- **ДВД на НУУБ "Св. Климент Охридски" - Битола,** документарен филм за Одделите во библиотеката, на македонски и на англиски јазик;

- **"Песни - од ракопис до книга",** збирка песни од оригиналните ракописи на детскиот писател Ванчо Николески;

- **"Збирка на презентации од Третата роднокрајна средба на битолските писатели од Македонија",** традиционални презентации на тркалезната маса, одржана на 23 мај, 2008 година;

- **"Значајни личности за Битола - писатели",** вклучени се 42 писатели;

- **"Библиографија на НУУБ "Св. Климент Охридски" - Битола (1945 - 2008)",** збирка на историски податоци за развитокот на библиотеката како резултат на истражувањето во македонскиот и во странскиот печат;

- **"Св. Климент Охридски" од Вера Стојчевска Антиќ,** џебно издание;

- **"Библиотечен тренд",** списание на Библиотеката кое излегува два пати годишно.

NIUL "ST. CLEMENT OHRIDSKI" – BITOLA PUBLISHING 2008

In 2008, our Library was the publisher of the following works:

- **DVD on NIUL "St. Clement Ohridski" – Bitola,** a documentary on the Library Departments in Macedonian and English;

- **"Poems – from handwriting to book",** collection of poems of the original handwritings of the children's writer Vancho Nikoleski;

- **"Collection of presentations from the Third Homeland Meeting of the Bitola Writers from Macedonia",** traditional presentations on the Round table, in May 23, 2008;

- **"Distinguished People for Bitola – Writers",** in which 42 writers are placed;

- **"Bibliography of NIUL "St. Clement Ohridski" – Bitola (1945 – 2008)",** represents a collection of historic data of the Library development as a result of the research in the Macedonian and the foreign print;

- **"St. Clement Ohridski" by Vera Stojcevska Antik,** a pocket publication;

- **"Library Trend",** the Journal of the Library published twice a year.

УДК 027.54(497.774):027.022(438)

# СОРАБОТКА НА УНИВЕРЗИТЕТСКАТА БИБЛИОТЕКА ВО БИТОЛА СО ДОЛНОШЛОНСКАТА ЈАВНА БИБЛИОТЕКА ОД ВРОЦЛАВ

Марија Малгожата Мачковска

НУ-Универзитетската библиотека "Св. Климент Охридски" од Битола, покрај многуте други библиотекарски проекти финансирани од Министерството за култура, во 2008 година го реализира и проектот "Македонско-полска соработка на библиотеките од Битола и од Вроцлав". Проектот предвидуваше меѓусебно запознавање на двете библиотеки со својата дејност, размена на искуства и развој на соработката започната пред две години преку заемна посета на библиотекари од Вроцлав во Битола и обратно.

Во месец мај 2008 година во битолската библиотека престојуваше делегација од Долношлонска јавна библиотека "Тадеуш Микулски" од Вроцлав во состав Анджеј Тивс - директор, Јоланта Убовска - заменик директор и Уршула Скоњечна - раководител на Одделот за собирање и обработка на книжниот фонд.

За време на неколкудневниот престој, гостите од Полска имаа можност да посетат повеќе библиотеки и да се запознаат со културата и историјата на Македонија. Во НУ-УБ "Св. Климент Охридски" беше организирана изложба со наслов "Полската литература некогаш и денес", при што беше претставена историјата на полската литература со презентирање богата збирка книги од полски автори издадени на полски, македонски, српски и на хрватски јазик со кои располага фондот на битолската библиотека. Полските библиотекари ги посетија одделите на НУ-УБ и се запознаа со сите процеси на библиотекарското работење, со издавачката дејност, со компјутеризацијата на библиотеките од југозападниот регион на Македонија, со реализацијата на библиотекарските проекти, со методите на работа со читателите, со соработката на библиотеката со Битолскиот универзитет, училиштата и другите институции од областа на културата во Битола.

За време на престојот во Битола, гостите од Полска имаа можност да посетат многу историски споменици : античкиот град Хераклеја Линкестис, музејот, галеријата "Јени Џамија", Саат-кулата, Старата чаршија, како и националниот парк "Пелистер".

Во следните денови од престојот во Македонија полските библиотекари ја посетија Градската библиотека "Борка Талески" и библиотеката на Институтот за старословенска култура во Прилеп. Во двете институции гостите разгледаа изложби на книги од полски автори, се запознаа со функционирањето на двете институции и дискутираа за натамошно развивање на меѓусебната соработка. Гостите го разгледаа и стариот дел од градот Прилеп, го посетија Музејот на тутунот и убаво лоцираниот манастир "Свети Архангел".

Последниот ден од посетата библиотекарите го посетија градот Охрид со неговата околина. Беа восхитени од глетките во националниот парк "Галичица", убавините на двете езера, како и од културно-историските споменици во Охрид: црквите, тврдината, амфитеатарот, стариот град и др.

Гостите од Полска беа одушевени од македонската архитектура, богатството од културно-историски споменици и од убавината на крајоликот. Посебен впечаток им остави отвореноста и срдечноста на луѓето што ги запознаа, а исто така и разновидноста и вкусот на македонската кујна.

Библиотекарите од Полска за време на својот престој воспоставија многу тесна и плодна соработка со НУ-УБ и со другите македонски библиотеки.

До реализација на втората фаза од проектот дојде во септември 2008 година, кога беше поканета делегација на НУ-УБ "Св. Климент Охридски" од Битола да ја посети Долношлонската јавна библиотека во Вроцлав. За жал, поради објективни причини, битолската библиотека ја репрезентирав сама како стручен работник на таа институција, истовремено и како раководител на проектот.

Долношлонската јавна библиотека "Тадеуш Микулски" во Вроцлав, слично како битолската библиотека, е основана во 1945 година и со текот на времето ги менувала својот назив, локацијата и опсегот на работа. Денес библиотеката е сместена во убав историски објект во центарот на Вроцлав и има многу широк опсег на работа. Како јавна библиотека, има читатели од сите општествеии групи: студенти, научни работници, ученици од основно и од средно образование, како и возрасни читатели.

ДЈБ има статус на научна библиотека што изршува истражувачки, дидактички, библиографски, информатички, документарни и издавачки дејности. Покрај својата основна дејност, библиотеката има функција на главна библиотека во регионот Долни Шлонск и го помага развојот на повеќе од 600 помали библиотеки и оддели. Помага и во проширувањето на мрежата на библиотеки, организира обуки на библиотекари, како и научни конференции.

Во септември 2008 година во ДЈБ во Вроцлав се одржа меѓународна конференција на библиотекарите на тема "Библиотеките во служба на регионот. На конференцијата учествуваа библиотекари од Русија, Украина, Чешка, Македонија, како и од многу библиотеки од Вроцлав и од регионот Долни Шлонск. Во време на одржувањето на конференцијата беа презентирани многу интересни реферати поделени во два тематски блока: "Систем на јавното библиотекарство на регионално ниво" и "Нови библиотекарски технологии во регионот". Рефератот со кој се претставив на конференцијата беше посветен на дејноста на НУ-УБ "Св. Климент Охридски" од Битола и компјутеризацијата на македонските библиотеки.

Вроцлавската конференција беше многу добро организирана, им овозможи на библиотекарите да воспостават многу корисни контакти, размена на искуства и започнување соработка меѓу полските и странските библиотеки.

За време на посетата во вроцлавската библиотека библиотекарите беа запознати со сите оддели на таа просперитетна институција. Долношлонската јавна библиотека им ги става на располагање на читателите своите богати збирки користејќи современо опремени простории како што се: главна читална, читална за периодични списанија, научна читална и читална за деца. Библиотеката исто така им нуди на своите читатели богати збирки во читалната American Corner, Романската читална, Alliance Francaise и Германската читална Институт Goethe. Исто така треба да се спомене и одлично организираниот оддел богат со содржини Фонотека, како и одделот Говорена книга.

Во текот на следните денови на престојот библиотекарите се запознаа со функционирањето на најсовремената мултимедијална библиотека во Вроцлав - Медијатека, а ги посетија и библиотеките во Швидница и Валбжих. Во сите посетени библиотеки видлив е современиот начин на организација на работењето, отвореноста кон потребите на читателот, огромната ангажираност во работата на библиотекарите, а исто така и во приспособување на сите оддели на библиотеките кон лицата со посебни потреби.

Домаќините исто така ни овозможија посета на најважните културно-историски споменици на Вроцлав, како и други убави места во Долни Шлонск (Црквата на Мирот во Швидница и замокот во Ксјонж).

Соработката на НУ-Универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски" од Битола и Долношлонска јавна библиотека "Тадеуш Микулски" од Вроцлав се развива многу интензивно со корист за двете институции. Меѓусебно учиме како да го унапредиме функционирањето на многу оддели, како да дејствуваме за осовременување на методите на работа со читателите, да ја прошириме и да ја развиеме нашата дејност. Планиран е понатамошен развој на контактите меѓу нашите библиотеки, размена на искуства во сите сегменти на библиотекарското работење, овозможување на меѓусебно позајмување на библиотечните фондови, а исто така и заемно помагање во организирањето оддели за македонски книги во Вроцлав и за полски книги во Битола.

Веруваме дека заедничките зафати на двете наши институции позитивно ќе се одразат врз продлабочувањето на културната соработка меѓу Полска и Македонија.

***Резиме***

Проектот "Македонско-полска соработка на библиотеките од Битола и од Вроцлав", реализиран во 2008 година, придонесе за воспоставување и развој на сестрана соработка на НУ-Универзитетската библиотека "Св. Климент Охридски" од Битола и Долношлонската јавна библиотека "Тадеуш Микулски" од Вроцлав. Полските библиотекари се запознаа со компјутеризацијата на библиотеките во југозападниот регион на Македонија и со нивното функционирање. Возвратната посета на делегација од Битола и активното учество во меѓународната конференција во Вроцлав дадоа придонес за зајакнување на контактите на двете институции и за размена на искуствата во сите сегменти на библиотекарското работење.

***Summary***

Implemented in 2008, the project 'Macedonian - Polish cooperation of the libraries from Bitola and Wroclaw' contributed to extensive cooperation between the University Library of Bitola "Sv. Kliment Ohridski" and the Public Library of Lower Silesia "Tadeusz Mikulski". The Polish libraries had a chance to familiarise with the computerisation of the south-western region of Macedonia and their work. Following the visit of librarians from Bitola and their participation in the international conference in Wroclaw both institutions exchanged working experiences and reinforced their contacts.

УДК 021(497.741)

# МОДЕРНИЗАЦИЈАТА НА БИБЛИОТЕКАТА "БРАЌА МИЛАДИНОВЦИ" РАДОВИШ ВО ФУНКЦИЈА НА ПОТРЕБИТЕ НА ГРАЃАНИТЕ И НЕЈЗИНИТЕ ЕФЕКТИ

Петар Трајанов - директор
Општинска Народна библиотека"*Браќа Миладиновци*" - Радовиш

Напредните идеи дотолку повеќе се вредни за оние што сакаат да ги реализираат во практиката, само ако се успее постојано да се следат, анализираат и ефектуираат.

Библиотеката "Браќа Миладиновци" Радовиш се вклопи на свој и посебен начин во ваквата изречена мисла, како резултат на тоа што се вклучи во проектот "Пријателски библиотеки за сите граѓани".

Проектот е по Програмата на Обединетите нации за развој (UNDP) финансирана од кралството Норвешка. Финансиските средства за целиот проект изнесуваат 72.000 УСА долари, од кои како сопствено учество од 10.000 долари обезбеди општината Радовиш. Освен тоа, општината обезбеди и дополнителен простор од 130 м$^2$.

Со конципирањето на проектот се настојуваше на најсоодветен можен начин да се активира јавниот интерес за библиотеката, преку нејзина рехабилитација и трансформација во мултинационален граѓански, културен и информативен центар со подобрен пристап кон информациите за сите граѓани на општината.

Проектот беше фокусиран на имплементација на следните активности: инфраструктурни промени со цел унапредување на функционалноста на библиотеката, воспоставување на информативен центар со Интернет-пристап на локалното население, јакнење на капацитетите на библиотеката и општината за подобрување на комуникацијата за граѓаните, создавање услови за самоодржливост на библиотеката, мотивирање на маргинализираните групи луѓе активно да се вклучат во јавниот живот во општината, како и да ја активира локалната власт да ја препознае и да ја поддржи модернизираната библиотека како место за промоција на демократскиот дијалог помеѓу општината и граѓаните.

Реконструкцијата и модернизацијата на библиотеката започна на 20 април 2006 година, а заврши за нецели три и пол месеци.

Свеченото пуштање во употреба се изврши на 6 септември 2006 година.

Со модернизацијата на библиотеката се оствари постојано посакуваната желба на поголемиот број граѓани, ако не и на сите, градот Радовиш и општината да имаат современа и модерна библиотека. Таа желба во целост им се оствари.

Ако градот Радовиш го доби најдоброто духовно светилиште олицетворено во соборниот храм св. Троица (донација на бизнисменот Ристо Гуштеров), со модернизацијата на библиотеката го доби и најдоброто културно светилиште олицетворено во библиотеката "Браќа Миладиновци".

Таа сега функционира како мултифункционален граѓанско информативен центар, широко отворена кон потребите на граѓаните, корисниците на книжниот фонд, малиот и среден бизнис, здруженијата на граѓани со зајакната соработка и организирање различни активности со училиштата, НВО и други јавни институции од општината.

Освен позајмувањето книги, библиотеката им ги дава и следните видови услуги на граѓаните:

- Позајмување ЦД и ДВД од фондот на библиотеката

- Користење читална

- Користење детско катче

- Користење интернет и помош при интернет пребарувања

- Помош при пополнување на формулари, скенирање документи, печатење и фотокопирање

- Организирање трибини на најразлични теми

- Изнајмување на просторот на библиотеката за промоции и други настани, кои не се во спротивност со дејноста и улогата на библиотеката и во време кога библиотеката не работи со корисниците

- Изнајмување опрема за презентации (ЛЦД-проектор и платно)

- Користење на миницентарот за изучување на англиски јазик без присуство на професор по англиски јазик (овој проект е надвор од проектот за модернизацијата, почна да функционира од февруари месец 2008 година).

За две години од пуштањето во употреба на библиотеката, ефектите од модернизацијата се мошне изразени во некои сегменти, дури и повеќе од очекувањата.

Што и колку се постигна?

- Таа со својата модернизација го привлече вниманието кај сите граѓани, независно од нивната возраст, пол и етничка припадност и стана средиште каде што се слеваат и се одлеваат најразлични видови информации, како од сеопшто образование и културно издигнување на граѓаните, така и од интерес за севкупниот развој на општината во целина.

- Бројот на членовите на библиотеката е зголемен за 120% во споредба со истиот период минатата година.

- Бројот на посетителите е зголемен за три пати.

- Финансиските средства врз основа на членарина се зголемени за 115%.

- Се овозможија дополнителни извори на средства врз основа давање услуги на граѓаните.

- Се створија најсовремени услови за подолг престој во библиотеката на корисниците на книжниот фонд и граѓаните.

- Целосно се подобрија условите за чувањето и заштитата на книжниот фонд, со што безбедноста и заштитата на книжниот фонд се подигна на високо рамниште.

- Се зголеми интересот на основните и на средното училиште за држење часови во современи услови, користејќи ги просторот на библиотеката и техничките помагала со кои таа располага.

- Се разви и се зајакна соработката со невладините и со граѓанските организации во општината и како резултат на тоа се организираат многубројни настани и активности, поврзани со сеопштото образование и културно издигнување на граѓаните.

- Постојано и катадневно се зголемува бројот на Интернет-корисниците. Сегашниот број на компјутери не се во можност да ги задоволуваат нараснатите потреби на корисниците на книжниот фонд и на граѓаните.

- Се створија услови за подолг престој на корисниците на книжниот фонд и на граѓаните во библиотеката, а особено кај студентите кои студираат на високошколските установи во Републиката.

- Библиотеката доби нови содржини на работа и многубројни активности што до модернизацијата не можеа ни да се замислат, поради објективни причини, а камоли да се реализираат.

Ќе наброиме само дел од новите содржини и активности што се реализираа од модернизацијата до денес:

- Поставка на оперската пејачка Милка Ефтимова - октомври 2006 година.

- Обука на наставниците од основните училишта во општината за Милениумските развојни цели - октомври-декември 2006 година.

- Мобилен парламент "Образование, децентрализација, финансиски проблеми" - јануари 2007 година.

- Час по информатика за иновативно користење на информациско-комуникациските технологии во формалното образование, како дел од активностите на проектот "е-образование" на USAID.

- Трибина на тема "Стоп на насилството врз жената".

- Трибина на тема "Надмудри го ракот - биди здрава жена".

- Трибина на тема "Функционирањето на општината во услови на децентрализацијата на власта со посебен осврт на фискалната децентрализација".

- Одржана работилница на тема "Преговори за продолжување на ангажирање волонтери", како дел од проектот "Посредуваме при вработување на млади невработени".

- Разни видови обуки на вработените произлезени од и поврзани со модернизацијата.

- Отворање на миницентар за изучување на англискиот јазик без присуство на наставник по англиски јазик и др.

**Општ заклучок:**

Модернизацијата ја претвори библиотеката во храм на книгата и во мултифункционален граѓанско-информативен центар широко отворен кон потребите и интересите на граѓаните, корисниците на книжниот фонд, малиот и среден бизнис, невладиниот сектор, здруженијата на граѓани, образовните и културни установи и локалната власт и место на промоција на демократскиот дијалог помеѓу локалната власт и граѓаните.

УДК 002(497.774)(06.064)

**04.11.2008 г.**

**ОДБЕЛЕЖАН ДЕНОТ НА ОСЛОБОДУВАЊЕТО НА БИТОЛА**

# ИЗЛОЖБА НА КНИГИ "БИТОЛА НЕКОГАШ И ДЕНЕС"

Драги Кабровски
Национална установа Универзитетска библиотека
"Св. Климент Охридски" - Битола
www.nuubbt.uklo.edu.mk

По повод 4 ти Ноември - денот на ослободувањето на Битола, Националната и Универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски" од Битола во холот постави изложба на книги под наслов "Битола некогаш и денес", која беше прифатена и од општинската програма за одбележување на овој голем празник на градот. На изложбата беа презентирани 160 монографски публикации и стари фотографии на Битола. Книгите содржински опфаќаа временски периоди од минатото - антиката, од поблиското и подалечно културно историско минато, од општествено-економскиот развој на Битола, од научно-истражувачката работа, стопанството, воспитно-образовниот процес, културата, изданија на Библиотеката, спортот и книги од битолски писатели членови на ДПМ.

Изложбата ја отвори градоначалникот на Битола г. Владимир Талески. За изложбата кратко образложение за медиумите во Битола даде г. Драги Кабровски вработен во Библиотеката на културни активности.

УДК 02 (497.7) (079.1)

# ОДРЖАН ДЕВЕТТИОТ ОПШТИНСКИ НАТПРЕВАР НА "МЛАДИ БИБЛИОТЕКАРИ"

Националната установа Универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски" од Битола, на ден 07 Ноември 2008 година, во роднокрајното одделение со почеток во 12 часот го одржа деветтиот по ред општински натпревар на "Млади библиотекари" до 14 годишна возраст. На натпреварот учествуваа вкупно 14 претставници по еден од сите Основни училишта од општините Битола, Могила и Новаци и од поголемите селски населби: Бистрица и Добрушево.

За подготовка на учесниците на натпреварот Библиотеката им го обезбеди новиот прирачник за подготовка на кандидати за натпреварот Млади библиотекари од г-дин Миле Бошески директор на Народната и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски" од Скопје.

Натпреварот го спроведе комисија од три члена и тоа: г-ѓа Јоланда Бошевска претседател, Драги Кабровски член и Илче Стојановски член вработени во Библиотеката. На почетокот од натпреварот натпреварувачите ги поздрави директорот на Библиотеката "Св. Климент Охридски" од Битола г. Науме Ѓоргиевски. Директорот на Библиотеката на сите учесници на натпреварот им врачи по една книга и диплома за учество, а за прва, втора и трета награда дипломи и вредни награди во книги од издавачот "Просветно дело" од Скопје

Првата награда ја освои ученикот: Мартин Јоновски од 8-б одделение при ОУ "Даме Груев" со 116 бодови од вкупно 120, втора награда освои Тамара Трајковска од 8-в одделение. при ОУ "Елпида Караманди" со 110 бодови и трета награда освои Ивана Коруновска од 8-б одделение при ОУ "Коле Канински" од Битола со 108 бодови.

Првонаградениот од овој општински натпревар Мартин Јоновски, според пропозициите, се стекна со право да ја претставува Библиотеката "Св. К;имент Охридски"од Битола на Републичкиот натпревар за Млади библиотекари што се одржа во Кочани на 21 Ноември 2008 година.



Националната установа Универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски" од Битола за одбележување на својот патронен празник "Св. Климент" 08.12.2008 г. изготви

**Програма**

на културни активности и тоа:

*03.12.2008 г. (среда) во 12 часот*

Поздравна реч пред гостите одржа г. Науме Ѓоргиевски, директор на Библиотеката "Св. Климент Охридски".

Промоција на

- Зборник "Трета роднокрајна средба", која се одржа во Библиотеката на 22.05.2008 година во роднокрајното одделение и во салата за промоции на Библиотеката под медијаторство на Николче Велјановски.

Претставување на

- Одбрани дела од Ѓорѓи Прчков. Промотори: Панде Манојлов и д-р Николче Велјановски

*04.12.2008 г. (четврток) во 11 часот*

**"ПОЕТСКИ БРАНУВАЊА 2008"**

По петнаесетти пат се одржаа во салата за промоции на Библиотеката, со почеток во 11 часот. Со свои лични творби учество зедоа 80 ученици од основните училишта од градот со по една лична творба поезија. Библиотеката обезбеди награди за најуспешните лични творби и истите им ги врачи директорот на Библиотеката г. Науме Ѓоргиевски. Прва награда освои Марија Здравеска од ОУ "Даме Груев", две втори награди за: Марија Станојовска од ОУ "Св. Климент Охридски"и Лина Лумбуровска од ОУ "Гоце Делчев", три трети награди за: Катерина Ѓорѓиевска од ОУ "Стив Наумов", Гордана Стојановска од ОУ "Тодор Ангелевски" и Теодора Веловска од ОУ "Коле Канински".

Жири-комисијата во состав г. Илија Мерковски - претседател, г. Драги Кабровски член и г. Илче Стојановски член, реши да додели три трети награди, две втори и една прва награда и од вкупно осумдесет лични творби издвои 30 поуспешни, кои ќе бидат објавени во Билтен од литературната манифестација што ќе го изготви г. Драги Кабровски, вработен на културни активности во Библиотеката.

*- Тематска изложба на книги за "Климент Охридски"*

Во холот на Библиотеката г. Драги Кабровски подготви изложба на книги посветени на Климент и неговото дело од фондот со кој располага Библиотеката. На изложбата беа презентирани 80 монографски публикации кои тематски беа наменети за Климент првиот основоположник на библиотекарското дело и на првата Библиотека во Македонија.

Составен дел на изложбата беа изданијата на Библиотеката, фотоизложба од Општинскиот и Републичкиот натпревар на Млади библиотекари каде што првата награда ја освои претставникот од нашата Библиотека ученикот Мартин Јоновски од ОУ "Даме Груев" од 8-б одд. и едно пано - ликот на св. Климент насликан од учениците.

*05.12.2008 г. (петок) во 12 часот*

**ПРОМОЦИЈА НА КНИГА**
**ЗНАЧАЈНИ ЛИЧНОСТИ ЗА БИТОЛА - ПИСАТЕЛИ**

Книгата е во издание на Библиотеката од авторите: Ленче Андоновска, Науме Ѓорѓиевски, Благој Николов, Гордана Пешевска, Анета Стефановска и Светлана Талеска и соработниците: Милка Котевска и Александар Крстев.

На промоцијата покрај многубројните гости присуствуваше и пратеничката од Битола во Собранието на Р. Македонија, Анета Стефановска.

Промотори:

Радован П. Цветковски, проф. д-р Драги Михајловски и г. Петре Димовски.

***- Креативен инфоцентар***

Под раководство на г-ѓа **Анастасија Милевска** вработена во Библиотеката, младите ученици се претставија со свои креации пред гостите во холот на Библиотеката.

УДК 027.022(497.731):061.43

# НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА БИБЛИОТЕКА ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ - САЕМ НА КНИГАТА 2008

Блага Спиридонова
Редактор на каталошки записи на монографски публикации
Национална установа библиотека Гоце Делчев Штип

Националната установа-Библиотека Гоце Делчев од Штип набавката и комплетирањето на книжниот фонд го врши преку своите служби за таа цел. По повод разни јубилеи и културно-историски настани организира изложби на книги, литературни читања, средби со истакнати личности што со своето работење имаат свој придонес на кое било поле. Едукативни разговори со ученици при посета на библиотеката, посебно на оние што за првпат влегуваат во неа, претшколската возраст и првоодделенците. Разговори, предавања, одржување натпревари, се во интерес на промовирање на библиотеката и на интересот кон книгата.

Библиотеката претставува база на податоци. Но, вака добро складирани не претставуваат ништо и се некорисни. Затоа тие треба да се дистрибуираат и надвор од неа. Но како? Знаеме дека некој корисен податок го има некаде. Како да го пронајдеме? Токму во библиотеката. Со помош на лицата што се стручно обучени ќе дојдеме до саканата информација. Но како да ги намамиме да дојдат во библиотеката?

Најкористени јавни информациски служби се телевизијата, радиото и весниците, додека библиотеката ја користат одредена група на корисници. Секој корисник доаѓа во библиотеката со конкретни потреби, кон кои треба да се насочи услугата.

Библиотекарите од одделенијата за позајмување се потрудија да ги привлечат читателите со пластифицираните членски карти на кои има и нивна фотографија. И има ефекти. Друг чекор е членството да не се одредува со почнувањето на следната календарска година, туку од датумот на денот на уписот, па до истиот ден и месец за една година.

Од 25.11. до 29.11. 2008 г. во просториите на Националната установа-Библиотека "Гоце Делчев" од Штип се собраа повеќе издавачки куќи. Се одржа Саем на книгата 2008 година. Беа претставени многу нови наслови. Посетеноста беше пријатно изненадувачка. Ние како библиотекари се изненадивме колку граѓаните на Штип и од руралните средини имаат потреба да се близу до многу книги, исто така и до многу нови наслови на едно место. Додека гледав на меѓународните саеми како секој посетител си дозволил да си купи барем една книга, што беше реткост, сега тоа се случи и кај нас. Саемот траеше само пет дена, но заинтересираноста трае и ден-денес. Потребата од организирање на вакво презентирање на книгата, па и на самата библиотека, налага да се прави почесто. Заинтересираноста е голема.

Еве колку малку требало за да поминат голем број љубители на книгата, а со тоа и да влезат во библиотеката. Можеби за некој тоа беше и првпат да влезе во просториите на библиотеката. Тоа беше еден настан што во главниот град Скопје често се случува од издавачките куќи насловени под различни имиња, исто така и во другите библиотеки, но кај нас за првпат.

УДК 027.022(497.771)

# ДАЛИ ГРАДОТ ОХРИД НЕ ЗАСЛУЖУВА ДОСТОЈНА БИБЛИОТЕКА

Ова нека биде само допис што сигурно ќе ги заскокотка сите што знаат што е тоа жед за простор, работа, мир, со еден збор **БИБЛИОТЕКА.**

И токму денес на прагот на 21 век градот Охрид (да не ги наведуваме сите достојни атрибути на вториот Ерусалим) се соочува токму со овој горчлив проблем - каде е охридската библиотека?

До неодамна таа беше лесно препознатлива на сите дописи, разгледници, како објект, но денес веќе не е ни тоа. За библиотекарскиот тим, пак, не останаа надежи од сите досегашни ветувања, комбинации.

Сместена во 250м$^2$ - задушена - се бори да опстане и да ги задоволи своите верни читатели. Простор е она што треба за Библиотеката да функционира во системот на современите библиотеки. Од таа причина досега се стеснуваа сите активности на оваа установа.

Денес кога ја имаме автоматската обработка на книжниот фонд со помош на COBISS системот, и кога на секој читател библиотеката треба да му е "втор дом" ние се наоѓаме во стапицата на просторен безизлез.

Намерно не ги изнесовме попластично секојдневните згрчени активности, бидејќи секој современ библиотекар ќе ја сфати болката на НУ-Библиотека "Григор Прличев" - Охрид.

*Со почит,*

*Мариче Боздоганова*
*Гордана Змејковска*
*Елена Долоска*

**БИБЛИОТЕКАРСТВО**
Списание на
Библиотекарското
друштво на Македонија

***Издава***
БИБЛИОТЕКАРСКО
ДРУШТВО НА
МАКЕДОНИЈА

***За издавачот***
Кирил Ангелов

***Издавачки совет***
Николче Велјановски, претседател
Елена Тевчева
Владо Кочоски
Сузана Котовчевска
Силвана Јакимова
Магдица Шамбевска
Петар Трајанов

***Редакција***
Кирил Ангелов
Магдица Шамбевска
Елена Тевчева

***Печати:***
Бомат Графикс

тиража: 200

***Адреса на редакцијата:***
Библиотекарско друштво на
Македонија
бул. Гоце Делчев бр.6 1000 Скопје
Република Македонија

www.bdm.org.mk